MACEDONIA
Македонија
NEWSPAPER

August 28, 2025 ■ Volume 42, Issue 11 (481) ■ Free www.macedonianewspaper.com

Ексклузивно интервју со Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан

Exclusive Interview with H.H. Archbishop Stefan of Ohrid and Macedonia

Photo Zoran Baulovski

LERINSKO ORO

SATURDAY, NOVEMBER 22, 2025, 6:00 PM

ST. CLEMENT OF OHRID CHURCH, 76 OVERLEA BLVD., TORONTO

$25 Per Person, Youth 16 & Under Free

Church will offer hot food for purchase

FEATURING THE BOYS FROM BOUF

ПРЕТСТОЈНИ ДУХОВНИ И ЈУБИЛЕЈНИ НАСТАНИ ВО НАШАТА СВЕТА МАКЕДОНСКА ЦРКВА ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА

Возљубени во Христа чеда на Македонската православна црква – Охридска архиепископија,

Со љубов и архипастирска грижа ви се обраќам во овие топли летни денови, во кои природата зрее и принесува плодови, но и нашите срца се подготвуваат за духовна жетва преку бројни значајни настани што нè очекуваат во периодот што следува.

Благодатната мисија на нашата света Црква, која веќе повеќе од 60 години е присутна на ова благословено северноамериканско тло, продолжува да се развива и цути, благодарение на верноста, пожртвуваноста и љубовта на сите вас – духовните чеда на Македонската православна црква. Секој јубилеј и секоја свеченост што ја одбележуваме претставува сведоштво за таа плодна и богоугодна мисија. Ние ги жнееме плодовите од трудот на нашите предци, кои со вера и молитва ги поставија темелите на црковниот живот во дијаспората, а денес тие темели претставуваат столбови на иднината за новите генерации.

Во таа смисла, со духовна радост ве известувам дека во претстојниот период, нашата епархија ќе биде украсена со неколку големи и значајни настани.

Најнапред, две наши катедрални парохии ќе одбележат значајни јубилеи:

- Катедралната црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Колумбус, Охајо, на 23 и 24 август оваа година, ќе ја прослави својата 60-годишнина од основањето;
- Катедралната црква „Св. Климент Охридски“ во Торонто, Канада, на 6 и 7 септември ќе го одбележи 60-годишниот јубилеј од своето осветување.

Овие јубилеи не се само повод за свеченост, туку и за длабока благодарност кон Бога, како и потсетник дека нашето присуство овде е мисионерско, духовно и идентитетско. Нашите цркви не се само зданија од камен, туку, пред сè, живи домови на верата, места каде што се раѓа, храни и чува македонскиот православен дух.

Исто така, за време на американскиот празник на Трудот (Labor Day), ќе се одржи традиционалниот Црковно-народен собир во црквата „Св. Кирил и Методиј“ во Њу Џерси. Како и секогаш, овој собир ќе понуди духовно збогатување преку богослужби, културна програма, спортски активности и братско заедништво. Тоа е време кога се собираме како едно семејство – не само за да се видиме, туку и да се утврдиме во верата и љубовта. За време на собирските богослужби, ќе го примиме и благословот на Мајката Божја преку нејзината чудотворна Хавајско-иверска икона, која ќе биде присутна во светиот храм и ќе имате можност да се поклоните и да бидете помазани со светото чудотворно миро. Оваа голема светиња досега посети неколку од нашите македонски цркви со што се посведочува љубовта и грижата на Пресвета Богородица кон нашиот богољубив и верен народ.

Со особена чест ве известувам дека на сите овие настани ќе присуствува и Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан, поглаварот на нашата Света Црква. Неговото присуство меѓу нас е голема духовна утеха и поткрепа, но и знак за нераскинливата врска помеѓу Мајката Црква и нејзините чеда во дијаспората.

Посетата на Неговото Блаженство има и уште една длабока духовна димензија: на 2 септември, веднаш по нашата Конвенција, во градот Вашингтон ќе се одржи заедничка Божествена Литургија со Неговото Блаженство, Митрополитот г. Тихон, поглавар на Православната Црква во Америка (ОСА). Ова сослужување претставува историски момент, зашто е овенчување на неодамнешната, со љубов донесена, одлука на Светиот синод на Православната црква во Америка, со која нашата Македонска православна црква – Охридска архиепископија беше призната како автокефална.

Оваа радосна вест нека нè потсети дека сме дел од вселенската православна заедница, дека нашето постоење и сведоштво за Христа е признато и примено со братска љубов од другите православни цркви, и дека сме повикани уште попосветено да ги негуваме нашата вера, јазик, култура и духовна припадност.

Во овие радосни денови, Ве повикувам, возљубени браќа и сестри, да учествувате молитвено и физички на сите овие настани – заедно да се радуваме, да Му се помолиме и поклониме на Бога, и да ја зацврстиме нашата црковна и национална свест. Секоја Литургија, секој собир, секоја прослава, нека биде место на среќавање со Христос и со нашите браќа и сестри.

Да не заборавиме дека секој чекор напред, секој успех, секој благослов, е плод на нашата заедничка вера, љубов и посветеност. Семејствата нека продолжат да ги воспитуваат децата во православниот дух, постарите нека им помагаат на младите да се вклучуваат во црковниот живот, а сите ние да продолжиме да бидеме чувари на нашето духовно и национално наследство.

Со архипастирска љубов ве благословувам и се молам Господ Исус Христос, по молитвите на Пресвета Богородица и на сите светии, да ве дарува со здравје, мир, вера и радост.

Со Божји благослов,
Методиј,
Митрополит на Американско-канадската
македонска православна епархија



AGENDA (EN)

FRIDAY

AUGUST 29, 2025
Arrival of the guests

- 9:00am : Golf Outing, North Jersey Country Club, Wayne, New Jersey
- 9:00pm : Youth Dance, Macedonian Meadowbrook Hall

SATURDAY

AUGUST 30, 2025

- 9:00am : Assembly Meeting of the ACMOD, Macedonian Meadowbrook Hall
- 9:00am : Soccer Tournament, Sports Friends Soccer Club (Wayne, NJ)
- 6:00pm : Vespers, Sts. Kiril i Metodij Macedonian Orthodox Church
- 7:00pm : Folk Dancing Presentation, Macedonian Meadowbrook Hall
- 9:00pm : Youth Dance, Macedonian Meadowbrook Hall

SUNDAY

AUGUST 31, 2025

- 9:00am : Soccer Tournament Finale, Sports Friends Soccer Club (Wayne, NJ)
- 10:00am : Divine Liturgy, Sts. Kiril i Metodij Macedonian Orthodox Church
- 7:00pm : Gala Banquet and Award Ceremony, Macedonian Meadowbrook Hall
- 10:00pm : Youth Dance, Macedonian Meadowbrook Hall

ПРОГРАМА (МК)

FRIDAY

29 Август 2025
пристигнување на гостите

- 9:00 часот : Голф, North Jersey Country Club (Wayne, New Jersey)
- 21:00 часот : Младинска игранка во црковната сала на Св. Кирил и Методиј

SATURDAY

30 Август 2025

- 9:00 часот : Седница на Епархиското Собрание на АКМПЕ во црковната сала на Св. Кирил и Методиј
- 9:00 часот : Турнир во фудбал на Sports Friends Soccer Club (Wayne, NJ)
- 18:00 часот : Вечерна богослужба
- 19:00 часот : Смотра на играорните групи во црковната сала на Св. Кирил и Методиј
- 21:00 часот : Младинска игранка во црковната сала на Св. Кирил и Методиј

SUNDAY

30 Август 2025

- 9:00 часот : Финале на Фудбалскиот Турнир, Sports Friends Soccer Club (Wayne, NJ)
- 10:00 часот : Божествена Литургија, Св. Кирил и Методиј Македонска Православна Црква
- 19:00 часот : Гала Банкет и доделување на награди, црковната сала на Св. Кирил и Методиј
- 22:00 часот : Младинска игранка во црковната сала на Св. Кирил и Методиј

Интервју со Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан

Интервјуто го водеше Соња Лозановска,
уредник на весникот „Македонија“ од Торонто, Канада

Ваше Блаженство, на самиот почеток Ви благодариме за можноста да поразговараме и споделиме важни мислења со читателите на весникот „ Македонија„.

Кои се главните цели на Вашата посета во Америка и САД, и на кои настани ќе присуствувате?

Богоблагословената Американско-канадска епархија ќе ја посетам по покана на надлежниот Митрополит, Неговото Високопреосвештенство г. Методиј, а по повод неколку светли настани. Првенствено, тоа се прославите на јубилеите на две од нашите најстари црковни општини во дијаспората – „Успение на Пресвета Богородица“ во Колумбос, Охајо и „Свети Климент Охридски“ во Торонто, Онтарио, коишто годинава прославуваат 60 години од осветувањата. Исто така, во текот на оваа моја посета ќе учествувам и на чествувањата по повод одржувањето на 51 годишен Епархиски црковно-народен собор на Американско-канадската епархија, чијшто домаќин годинава е црковната општина „Свети Кирил и Методиј“ во Сидер Гроув, Њу Џерси. Воедно, во Вашингтон ќе имаме литургиско сослужување со Претстојателот на Православната Црква во Америка, Неговото Блаженство Митрополитот г. Тихон, чијшто Синод неодамна ја призна автокефалноста на нашата Света Црква, па во таа прилика тоа признавање ќе го добие и своето главно – литургиско потврдување.

Што значи за Вас и за Македонската Православна Црква – Охридска архиепископија оваа средба со македонската заедница во дијаспората?

Нашите епархии во дијаспората се неодделив, интегрален дел од нашата Света Црква. Ние, за жал сме земја на емиграција, што, пак, значи дека во дијаспората имаме многубројни македонски заедници. Тоа е случај и со Северна Америка и со Австралија и со Западна Европа. Конкретно Американско-канадската епархија – и со бројот на парохиите, и со велелепноста на храмовите, и со нивното устројство и, што е најважно, со бројноста на верниот народ е една навистина добро развиена и организирана епархија.

Инаку, јас првпат ја имам посетено оваа наша света Епархија, уште како млад Митрополит, во далечната 1986 година. Извесен период и бев надлежен Архијереј, така што добро ги познавам речиси сите наши црковни општини. Она што ме радува при секоја нова посета е дека нашинците продолжуваат да си ја одржуваат верата прадедовска, да ги оддржуваат и разубавуваат и храмовите и црковниот имот, да ги негуваат нашите древни народни традиции и обичаи и заедно да растат и како добри чеда на Мајката Македонска Православна Црква и како добри синови и ќерки на заедничката наша Татковина и дедовина – Македонија.

Православната Црква во Америка ја призна МПЦ-ОА. Каков е вашиот коментар на оваа значајна одлука?

Уште псалмопејачот Давид воскликнува: „Колку е убаво и колку е мило кога браќата живеат заедно!“ (Пс 133, 1). Оваа одлука на Светиот синот на Православната Црква во Америка е уште еден доказ за убавината на братската љубов и на заедничарењето помеѓу Црквите. И јас лично, и браќата архијереи и сета полнота на нашата помесна Црква, можеме само да се радуваме за оваа одлука и да се надеваме и да очекуваме дека и оние сестрински Цркви коишто сé уште немаат донесено истоветна одлука, кога ќе се исполни времето – ќе ја донесат.

Како ја гледате улогата на црквата во зачувувањето на македонскиот јазик, култура и традиција меѓу младите во дијаспората?

Главната улога на Црквата е во зачувувањето и пренесувањето на нашата света вера. Оти токму православната вера е нашето најголемо национално богатство, нашата најважна културна и цивилизациска вредност. И Црквата тоа, уверен сум, во дијаспората го прави сé подобро и подобро. Но, секако, ние, како помесна Црква на македонскиот народ, покрај ширењето на верата, помагаме и во зачувувањето на останатите столбови од нашиот идентитет – јазикот, културата, историската меморија, традициите, обичаите... Така, верувам знаете дека при најголемиот дел од нашите црковни општини во САД и Канада се развиени различни секции во кои нашата младина го учи и македонскиот јазик, и македонските песни и ора, и македонската историја и култура. Секако, секогаш може повеќе и секогаш може подобро. Но едно е сигурно, успехот во поглед на запазувањето на нашите национални обележја во туѓина зависи најмногу од родителите, бабите и дедовците. Имено, тие најповеќе треба да вложат труд, за на своите деца и внуци секогаш да им говорат само на македонски; да им ги пеат нашите песни, да ги учат на нашите ора; да им ги читаат и препорауваат за читање книгите на нашите велики, а за многумина нашинци недоволно познати поети и писатели, редовно да ги носат во Стариот крај...

Со кои најголеми предизвици се соочува Црквата денес, и во Македонија и во дијаспората?

Живееме во силно секуларизиран, метеријалистички и технократски свет. Возвишените духовни и етички идеали на христијанството не се благопријатно восприемани во таквата средина. Христовата наука му прачува на човекот да подзастане, да погледне во себеси, да најде време за молитва, за тихување, да го гледа секој човек како свој ближен, а природата и сето создание како Божји дарови коишто треба да се негуваат. Силните на светот, пак, бучно пропагираат сосема поинакви вредности. Тие светот го прават место во коешто нема место за духовни согледби, а оние околу нас не ни се ближни, туку соперници. Со прибрзиот, недоволно осмислен раст на најсоврмените технологии човекот навидум на дофат има сé, но, доколку не бидеме внимателни, иднината може да стане антиутописко општество во кое луѓето нема да се гледаат едни со други в очи, туку само виртуелно, со посредство на современи машини; нема да копнеат по тоа да бидат во природата и да ѝ се радуваат на нејзината неверојатна убавина и разноликост, туку ќе седат затворени во своите високософистицирани, но стерилни одаи и нема да се прашуваат што, односно Кој е смислата на животот.

Фото Зоран Баулоски

Наоѓајќи се во вакво временско раздобје, во кое во блиска иднина христијанството, веројатно, во општествена смисла и институционално влијание, ќе биде помалку популарно, Црквата и во Македонија и насекаде по светот, ќе мора што поскоро да најде начин за на младите генерации да им ја пренесе вечната вистина за постоењето на Бога, Кој е троедина личност и Кој вистински се воплоти и живееше со луѓето, го даде Својот живот за нас и воскресна од мртвите.

Некои знаци коишто во последниве години се гледаат на Запад, каде извесен број на млади луѓе, препознавајќи ја бесмисленоста на безбожниот светоглед што доминира, го откриваат Православието ни дава надеж да веруваме дека, доколку како Црква одговориме пастирски и одговорно на тој повик, нештата ќе бидат добри. Црквата ќе постои додека постои светот, тоа е сигурно, наше е и во ова време на предизвици да бидеме достојни нејзини чеда.

За крај, која е Вашата порака до Македонците што живеат надвор од татковината, особено во Канада и САД, и до читателите на весникот „Македонија“ и сите учесници на собирот?

На нашинците во САД и Канада ќе им порачам дека само човек којшто си го знае и си го љуби своето минато може да има здрава сегашност и иднина. Затоа, дури и на оние нашинци коишто се трето, четврто, петто... поколение во овие богоблагословени земји би им порачал, пред сé, да си ја љубат нашата вера и редовно да се црквуваат во нашите тукашни велелепни храмови. Кога вистински живееме според Евангелието, кога растеме во Христа, осознаваме дека на светот нема ништо повистинито, подобро и поубаво од Православието. Затоа, на нашиот верен народ во САД и Канада му порачувам да ги посетува храмовите на секоја Литургија, редовно да се причестува со Светите Христови Тајни и да го помага работењето на нашите црковни општини. И, на крајот, на сите наши луѓе би им порачал почесто да ја посетуваат Македонија, за да им овозможат на своите деца и внуци да запознаат земјата на своите предци, та и во нив да се возроди љубов кон нашата можеби материјално сиромашна, но со култура и историја богата држава, кон нашиот прекрасен јазикот и кон сé што е наше – македонско.

Interview with Archbishop of Ohrid and Macedonia, H.H. Stefan

„I encourage all our people abroad to visit Macedonia more often, so their children and grandchildren may come to know the land of their ancestors. In them, too, will awaken love for our homeland – perhaps materially poor, but rich in culture and history, in our beautiful language, and in everything that is ours. Everything that is Macedonian„.

Interview conducted by Sonja Lozanovska, Editor of the newspaper "Macedonia," Toronto, Canada

S.L: Your Beatitude, at the very beginning we would like to thank you for the opportunity to speak and share important thoughts with the readers of Macedonia. What are the main goals of your visit to the United States and Canada, and which events will you attend?

Archbishop Stefan: I am visiting the God-blessed American-Canadian Diocese at the invitation of the presiding hierarch, His Eminence Metropolitan Methody, on the occasion of several significant events. Primarily, these are the jubilees of two of our oldest church communities in the diaspora – "Dormition of the Virgin Mary" in Columbus, Ohio, and "Saint Clement of Ohrid" in Toronto, Ontario, both of which celebrate 60 years since their consecration this year. During this visit, I will also participate in the celebrations marking the 51st Annual Diocesan Church-People's Convention of the American-Canadian Diocese, hosted this year by the parish of "Saints Cyril and Methody" in Cedar Grove, New Jersey. Additionally, in Washington we will celebrate the Divine Liturgy together with the Primate of the Orthodox Church in America, His Beatitude Metropolitan Tikhon, whose Holy Synod recently recognised the autocephaly of our Holy Church. On that occasion, this recognition will find its most important confirmation in the liturgical act itself.

S.L: What does this encounter with the Macedonian community in the diaspora mean for you and for the Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric?

Archbishop Stefan: Our dioceses in the diaspora are an inseparable, integral part of our Holy Church. Sadly, we are a nation of emigration, which means we have many Macedonian communities abroad – in North America, Australia, and Western Europe. The American-Canadian Diocese in particular – through the number of its parishes, the magnificence of its churches, its organization, and most importantly, the faithfulness of its people – is a well-developed and well-structured diocese. I first visited this holy Diocese as a young Metropolitan back in 1986. For a certain period, I was also its presiding Bishop, so I am familiar with nearly all of our parishes here. What brings me joy with every visit is to see that our faithful continue to preserve the faith of their forefathers, to maintain and beautify their churches and properties, to nurture our ancient customs and traditions, and to grow together – both as faithful children of the Mother Macedonian Orthodox Church and as good sons and daughters of our common homeland – Macedonia.

Photo Zoran Karapanchev

S.L: The Orthodox Church in America has recognised the MOC–OA. How do you view this important decision?

Archbishop Stefan: Already the Psalmist David proclaimed: "Behold, how good and how pleasant it is for brethren to dwell together in unity!" (Ps. 133:1). This decision of the Holy Synod of the Orthodox Church in America is yet another testimony to the beauty of brotherly love and communion between the Churches. Together with my brother hierarchs and the fullness of our local Church, I can only rejoice at this decision. We also hope and expect that those sister Churches which have not yet made such a decision will, in due time, do so.

S.L: How do you see the role of the Church in preserving the Macedonian language, culture, and traditions among the younger generations in the diaspora?

Archbishop Stefan: The primary role of the Church is to preserve and transmit our holy faith, for our Orthodox faith is our greatest national treasure and our most important cultural and civilizational value. I am convinced that the Church is fulfilling this mission ever more effectively in the diaspora. At the same time, as the local Church of the Macedonian people, beyond spreading the faith, we also contribute to the preservation of other pillars of our identity – language, culture, historical memory, traditions, and customs. In most of our parishes in the United States and Canada, various cultural sections have been established where our youth learn the Macedonian language, songs and dances, as well as our history and culture. Of course, more can always be done, and it can always be done better. But one thing is certain – the success in preserving our national identity abroad depends greatly on parents and grandparents. They must make the greatest effort: to always speak Macedonian with their children and grandchildren, to sing our songs, to teach them our dances, to read and recommend the works of our great – though still insufficiently known to many – poets and writers, and to regularly take them back to the homeland.

S.L: What are the greatest challenges facing the Church today, both in Macedonia and in the diaspora?

Archbishop Stefan: We live in a highly secularised, materialistic, and technocratic world. The lofty spiritual and ethical ideals of Christianity are not easily embraced in such an environment. Christ's teaching calls humanity to pause, to look inward, to find time for prayer and stillness, to see every human being as a neighbour, and to regard nature and all creation as God's gifts to be cherished. The powers of this world, however, loudly propagate opposite values, turning the world into a place where there is little room for spiritual vision, and where others are seen not as neighbours but as rivals. With the rapid, often unthinking advance of modern technology, humanity seems to have everything at its fingertips. Yet, if we are not careful, the future may become dystopian, where people no longer look each other in the eye, but only communicate virtually; where they no longer yearn for nature and its beauty, but remain confined to sterile, high-tech environments, never asking what – or Who – is the meaning of life. In such times, when Christianity may lose societal popularity and institutional influence, the Church – in Macedonia and everywhere – must find ways to bring to younger generations the eternal truth of God's existence, of His triune being, of His incarnation and life among us, of His sacrifice and resurrection. Encouragingly, recent signs in the West show that some young people, realising the emptiness of a godless worldview, are discovering Orthodoxy. This gives us hope that if we, as the Church, respond pastorally and responsibly, the future will be bright. The Church will endure as long as the world exists; our task is to remain worthy of being its children in these challenging times.

S.L: Finally, what is your message to Macedonians living abroad, especially in Canada and the U.S., to the readers of "Macedonia," and to all participants in the Convention?

Archbishop Stefan: My message to our people in the U.S. and Canada is this: only one who knows and loves their past can build a sound present and future. Therefore, even to those who are third, fourth, or fifth generation in these blessed countries, I say: above all, love our faith and regularly attend services in our magnificent churches here. When we truly live according to the Gospel, when we grow in Christ, we realise that there is nothing truer, better, or more beautiful in this world than Orthodoxy. Thus, I call upon our faithful people in the U.S. and Canada to attend the Divine Liturgy every Sunday, to partake regularly of the Holy Eucharist, and to support the work of our church communities. And finally, I encourage all our people abroad to visit Macedonia more often, so their children and grandchildren may come to know the land of their ancestors. In them, too, will awaken love for our homeland – perhaps materially poor, but rich in culture and history, in our beautiful language, and in everything that is ours. Everything that is Macedonian.

A LEGACY OF UNITY GALA: 20 YEARS OF THE UNITED MACEDONIAN DIASPORA FEATURING THE MACEDONIAN DIASPORA'S 40 UNDER 40 AWARDS CEREMONY

Honoring: Jerry Naumoff UMD Macedonian Heritage Public Service Award

Emcee and Master of Ceremonies: Elizabeth Naumovski Host of EMPOWERED. on News Forum Network TV

Featuring Keynote Remarks by: Her Excellency Dr. Gordana Siljanovska Davkova Macedonian President

Date: Saturday, September 27, 2025
Location: Detroit Marriott at the Renaissance Center – Detroit, Michigan

5:00 – 6:00 p.m. – VIP Reception hosted by the UMD Board of Directors
6:00 p.m. – General Reception
7:00 p.m. – Dinner, Program, Awards Ceremony
9:00 p.m. – Macedonian Dancing
Entertainment provided by Makedonski Melos from Syracuse, New York with Toronto singer Chris Dimovski
Black-Tie Attire – Think Red Carpet Elegance
-Recognition of our incredible Macedonian Diaspora 40 Under 40 honorees
-Reflections on two decades of UMD's work
-A powerful vision for the future
-Live entertainment, dinner, and community celebration
UMD is setting an ambitious goal to raise $500,000 through this Gala to support its global programs and advocacy. Your support and sponsorship will be essential to achieving this mission and ensuring a vibrant Macedonian future.
Want to sponsor this event or learn more?
https://secure.everyaction.com

Thank you to our generous sponsors!!!
(list as of August 17, 2025)
Macedonian Guardian
Acko Koloski Macedonian American Family Fund
Daniel Garen and Sashka Dimitrevska Foundation
20th Anniversary Unity Sponsor
Ambassador Ljubica Z. Acevska
Mitre and Sophie Kutanovski
The Naumoff Family
Macedonian Advocate
Kristina Kostovski
Dr. Ilche Nonevski
Donald and Henrietta Sazdanoff

Or contact: Deana Janceski – info@d2-events.com

Let's celebrate our legacy and build the future—together.

We are thrilled to announce UMD's 20th Anniversary Gala and Macedonian Diaspora's 40 Under 40 Awards Ceremony – "A Legacy of Unity Gala: 20 Years of the United Macedonian Diaspora." It promises to be a momentous gala celebrating two decades of unwavering commitment to Macedonian advocacy, heritage, charity, and global impact.

This momentous celebration will take place at the iconic Detroit Marriott at the Renaissance Center in Detroit, Michigan — a city deeply rooted in our community's story. Michigan proudly boasts the largest population of Macedonian-Americans in the United States and is in close proximity to vibrant Macedonian communities throughout the Midwest and across the border in Canada. Hosting our Gala in Detroit is both symbolic and strategic — a tribute to the region's enduring contributions to our shared heritage and collective progress.

September is Macedonian American Heritage Month—a time to celebrate the independence of the Republic of Macedonia and honor the rich contributions of Macedonian Americans. This year is especially meaningful as we commemorate the 30th anniversary of diplomatic relations between the United States and the Republic of Macedonia.

Since 2004, UMD has proudly served as the leading voice for Macedonians worldwide — protecting our heritage, championing our rights, and building community across six continents.

This Gala will celebrate not only our past accomplishments, but also the bright future we are shaping together.

As we celebrate this milestone, the UMD Board of Directors has set an ambitious goal to raise $500,000 through this Gala and related efforts. These funds will propel UMD's vital work forward — expanding programs, advocacy, and community building for Macedonians worldwide. Your sponsorship will be a crucial part of achieving this vision and sustaining our legacy for generations to come.

We invite you to join us as a sponsor of this historic event and be recognized among the key partners driving our mission forward. Sponsorship provides unparalleled visibility, access to an influential global network, and the opportunity to show your commitment to a vibrant, united Macedonian future.



JOIN US IN CELEBRATING 60 YEARS OF FAITH, HERITAGE, AND COMMUNITY!

With the blessing of His Eminence, Metropolitan Metodij of the American–Canadian Macedonian Orthodox Diocese, we invite you to the St. Clement of Ohrid 60th Anniversary Gala Banquet.
Date: Saturday, September 6, 2025 Vespers: 5:00 PM | Banquet: 6:30 PM St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral – 76 Overlea Blvd, Toronto
Tickets: $120 (Dinner with Premium Open Bar)
We are honoured to welcome His Beatitude, Archbishop Stefan of the Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric, together with His Eminence, Metropolitan Metodij of the American–Canadian Diocese.
Limited tables available – reserve now!

ПРОСЛАВЕТЕ СО НАС 60 ГОДИНИ ВЕРА, ТРАДИЦИЈА И ЗАЕДНИШТВО!

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Г. Методиј на Американско–Канадската Македонска Православна Епархија, Ве покануваме на Гала банкет по повод 60-годишнината на Св. Климент Охридски.
Сабота, 6 септември 2025 година
Вечерна богослужба: 17:00 ч. Банкет: 18:30 ч. Свети Климент Охридски – Македонска Православна Црква – 76 Overlea Blvd, Торонто Карти: $120 (Вечера со премиум отворен бар)
Ќе ни биде чест да ги поздравиме Неговото Блаженство Архиепископот Г.Г. Стефан на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија и Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Г. Методиј на Американско–Канадската Епархија. Бројот на маси е ограничен – резервирајте веднаш!

UPDATE ON THE KOCANI NIGHTCLUB FIRE FUNDRAISER

Earlier this year, our community awoke to the tragic news that a nightclub fire had claimed the lives of over 60 young Macedonians and injured countless more in Kocani, Macedonia. St. Clement - Toronto, St. Ilija - Mississauga, Nativity of the Virgin Mary - Cambridge, St. Naum - Hamilton, and St. Nikola - Windsor came together in that critical time to raise funds to provide support to all affected by the disaster in our homeland. Through your incredible generosity, we are proud to have raised $96,300 in solemn fundraising.

To ensure the funds were delivered responsibly and effectively, we made the donation through the Canadian Red Cross's international disaster relief efforts. Following the fire, these efforts were deployed in Macedonia, providing critical aid to the victims and their families, as well as support for Macedonia's healthcare infrastructure during a time of unprecedented need.

This donation was made in memory of those we lost and reflects our community's spirit of solidarity and care for one another — both here in Canada and in Macedonia.

We thank everyone who contributed to this meaningful initiative. Your support made a real difference.

St. Clement of Ohrid, Toronto.
St. Ilija, Mississauga
Nativity of the Virgin Mary, Cambridge
St. Naum of Ohrid, Hamilton
St. Nikola, Windsor

60 Years of Faith and Unity: Boris Stoikos on Leading St. Clement of Ohrid Cathedral in Toronto

SL:"Mr. President, as the Cathedral St. Clement of Ohrid celebrates its 60th anniversary, how significant is this milestone to you personally, and what does it represent for the Cathedral community as a whole?"

B.Stoikos:

First of all, thank you for the opportunity to interview and speak to the Macedonian community. I appreciate it. It is an honor to be the President during our 60th anniversary celebrations. For many of us St. Clement has been a major part of our lives: our parents were married here, we were baptized here, we were married here, and our children were baptized here, and we attend church here. St. Clement is a testament to the Macedonian community in Toronto, their commitment to spirituality, heritage and culture. Over the past 60 years, St. Clement has become the central hub for the Macedonian community in Toronto.

SL: What does it mean for the community that His Beatitude, Archbishop of Ohrid and Macedonia g.g. Stefan will be present at the celebration?

Boris Stoikos:

For us it is a huge honor to have His Beatitude, Archbishop of Ohrid and Macedonia Gospodin Gospodin Stefan and His Eminence Metropolitan Methodij Zlatanov both joining us for our 60th Anniversary. We have been very fortunate to have both visit St. Clement Cathedral, on numerous occasions, over the last few years.

SL: How has the Cathedral contributed to preserving Macedonian faith, culture, and traditions in Toronto and Canada over the years?

Boris Stoikos:

As I mentioned earlier, St. Clement is the spiritual and cultural centre for the Macedonian community in Toronto. From St. Clement, all other churches in the greater Toronto area were born. Those churches are thriving and also help to preserve and grow our Macedonian Orthodox faith, language and culture. Bible study, Sunday School, language classes, dance groups, karate classes, village banquets and dances, drama groups, literary events, weddings, funerals, baptisms the list goes on and on regarding the role that St. Clement plays in our Macedonian heritage and culture, and in helping to preserve our Macedonian traditions.

SL: How has the Cathedral evolved in terms of membership, activities, and community impact?

B.Stoikos:

St. Clement has been blessed with some outstanding Macedonians who wanted to create a place that all Macedonians could call theirs. The various Executives, Boards, priests, staff and congregation have all contributed to make St. Clement what it is today. We are blessed with two young and vibrant priests, Father Sasho and Father Aleksandar, who have a strong desire to reach out to older Macedonians, people my age and our youth. There has been a big push to get younger Macedonians involved in the church. Many of the new membership applicants are below 30 years old, and many of the 50 somethings are returning to church. We hope to continue this trend in the future.

SL: What message would you like to send to the younger generations about the importance of the church and community involvement?

B.Stoikos:

Sometimes our youth are intimidated by church. Many of them feel they don't know enough about God, religion, our practices; however, none of us did when we were younger. Our parents took us to church when they went on Sunday, and over time you learn the traditions, and practices. You ask questions about what you don't understand, that's how you learn. I'm 56 and I ask questions, because there is so much still to learn. Your spiritual journey is long, the most important thing about it is to start it!

S.L: Looking ahead, what are your hopes and vision for the Cathedral's future?

B.Stoikos: From the first board meeting that I ever had with our Directors, I told them that our goal is to make sure that we leave the church better then we found it. This way we continually try to get better as a congregation and community. We want to continue to build on the foundation left by the Macedonian Orthodox Christians who came before us and continue to make St. Clement into the cathedral it deserves to be. We look forward to seeing the Macedonian community celebrate the 60th Anniversary of St. Clement with us!

60 години вера и заедништво: Борис Стоикос на чело на Катедралата Св. Климент Охридски во Торонто

С.Л: „Г-дине Претседателе, прославуваме 60-години на црквата Свети Климент Охридски во Торонто. Колку е значаен овој јубилеј за Вас лично, и што претставува за катедралната заедница во целина?"

Б.Стоикос: Најнапред, Ви благодарам за можноста да дадам интервју и да се обратам на македонската заедница. Чест е да бидам претседател токму во годината кога ја одбележуваме 60-годишнината. За многумина од нас, „Св. Климент" претставува огромен дел од нашиот живот: нашите родители се венчале тука, ние сме крстени овде, овде сме се венчале, нашите деца се крстени во оваа катедрала, и редовно присуствуваме на богослужби. „Св. Климент" е жив доказ за посветеноста на македонската заедница во Торонто на верата, духовноста, културното наследство и традицијата. Во изминатите 60 години, оваа катедрала стана централно средиште за Македонците во Торонто.

С.Л: Што значи за нашата заедница присуството на Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан на прославата?

Б.Стоикос: За нас е голема чест што Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, заедно со Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Методиј Златанов, ќе бидат дел од одбележувањето на 60-годишнината. Имавме голема среќа и благослов што во изминатите години и двајцата повеќе пати го посетиле „Св. Климент" и биле со нас.

С.Л: Каква е улогата на Катедралата во зачувувањето на македонската вера, култура и традиција во Торонто и Канада?

Б.Стоикос: Како што спомнав, „Св. Климент" е духовното и културно средиште на заедницата во Торонто. Од оваа катедрала произлегоа сите други цркви во пошироката област на Торонто. Денес тие цркви се успешни и помагаат во ширењето и зачувувањето на македонската православна вера, јазик и култура. Во „Св. Климент" се развија многу активности: библиски часови, неделно училиште, часови по македонски јазик, фолклорни групи, часови по карате, селски забави, драмски групи, книжевни настани, венчавки, крштевки, погреби… списокот е навистина долг. Сето тоа сведочи за огромната улога на Катедралата во зачувувањето на нашата вера, традиции и македонско наследство.

С.Л: Како се менуваше Катедралата во поглед на членството, активностите и влијанието во заедницата?

Б.Стоикос: „Св. Климент" отсекогаш бил благословен со посветени Македонци кои сакале да создадат место што ќе биде дом за сите Македонци. Преку деценииите, извршните одбори, управите, свештениците, вработените и верниците заеднички придонесуваа за да ја изградат Катедралата во тоа што е денес. Денес сме благословени со двајца млади и енергични свештеници – отец Сашо и отец Александар – кои имаат силна желба да се поврзат и со постарите, и со луѓето од моја генерација, и со младите. Се вложува голем напор младите Македонци да се вклучат повеќе во црковниот живот. Голем дел од новите членови се под 30 години, а и многумина во 50-тите повторно се враќаат во црквата. Се надеваме дека овој тренд ќе продолжи и понатаму.

С.Л: Кое е вашето послание до младите генерации за значењето на црквата и заедничкиот живот?

Б.Стоикос: Понекогаш младите чувствуваат воздржаност кон црквата. Мислат дека не знаат доволно за Бога, за верата или за нашите практики. Но, ниту ние не знаевме кога бевме млади. Нашите родители не водеа на богослужба секоја недела, и со тек на време ги учевме традициите и обичаите. Прашањата се природен дел од духовниот пат – така се учи. Јас имам 56 години и сé уште прашувам и учам, затоа што има уште многу да се дознае. Најважното е да се започне духовното патување.

С.Л: Кои се Вашите надежи и визија за иднината на Катедралата?

Б.Стоикос: Уште од мојот прв состанок со Управниот одбор реков дека нашата цел е да ја оставиме Катедралата подобра отколку што ја најдовме. На тој начин постојано ќе растеме и како црковна заедница и како заедница воопшто. Нашата задача е да ја надградиме темелната работа што ја поставија Македонските православни христијани пред нас, и да ја направиме Катедралата „Св. Климент" храм каков што заслужува да биде. Со голема радост очекуваме да ја споделиме прославата на 60-годишнината заедно со целата македонска заедница.

Погледнете фотографии од историјата на „Св. Климент Охридски".

See photographs from the history of St. Clement of Ohrid

St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral

- 1962 – The congregation was formed, marking the beginning of a new spiritual home for Macedonians in Canada.
- 1964 – Construction of the Cathedral began, built with faith, unity, and dedication of the community.
- 1965 – The Consecration of the Cathedral, a historic day forever remembered by Macedonian Orthodox faithful in Canada

Македонска православна катедрала „Св. Климент Охридски“

- 1962 – Формирана е црковната општина, означувајќи го почетокот на нов духовен дом за Македонците во Канада.
- 1964 – Започнува изградбата на катедралата, издигната со вера, единство и посветеност на заедницата.
- 1965 – Осветувањето на катедралата – историски ден што засекогаш ќе го паметат македонските православни верници во Канада.

THE MACEDONIAN ORTHODOX CATHEDRAL “ST. CLEMENT OF OHRID” HAS BEEN THE CENTRE OF THE MACEDONIAN COMMUNITY IN CANADA FOR 60 YEARS

The Founding Fathers of St. Clement of Ohrid, Toronto.

On October 31, 1962, a Charter and church congregation were formed, effectively commencing the construction of what would become the Cathedral Church of the Canadian seat of the American-Canadian Diocese of the Macedonian Orthodox Church – the spiritual matriarch to tens of thousands of Orthodox Canadian-Macedonians. After months of fundraising, in April 1964, the construction of St. Clement began. Within one year, the cathedral was completed. April 18, 1965 was a day that Orthodox Macedonians in Canada will remember forever – the Consecration of the Macedonian Orthodox Cathedral “St. Clement of Ohrid”, in Toronto.

Today, St. Clement not only tends to the spiritual needs of Toronto’s Macedonian community, but it is also home to several prominent educational, cultural and charitable organizations that actively preserve and promote the Macedonian ethnic and cultural awareness.

МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА КАТЕДРАЛА „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ Е ЦЕНТАР НА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО КАНАДА ВЕЌЕ 60 ГОДИНИ

На 31 октомври 1962 година беше формирана повелба и црковна општина, со што официјално започна изградбата на она што ќе стане Катедралниот храм – седиштето на Канадската епархија на Американско-Канадската Митрополија на Македонската православна црква – духовната мајка на десетици илјади православни Македонци во Канада.

По месеци собирање средства, во април 1964 година започна изградбата на „Св. Климент“. За само една година катедралата беше завршена. На 18 април 1965 година, Македонците православни во Канада засекогаш ќе го паметат денот на осветувањето на Македонската православна катедрала „Свети Климент Охридски“ во Торонто.

Денес „Св. Климент“ не само што се грижи за духовните потреби на македонската заедница во Торонто, туку е и дом на бројни видни образовни, културни и добротворни организации кои активно ја чуваат и промовираат македонската етничка и културна свест.

The Current Church Board and Administration of St. Clement

ПРЕОБРАЖЕНИЕ НА ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС НА ГОРАТА ТАВОР „ГОСПОДИ, ДОБРО НИ Е ДА БИДЕМЕ ОВДЕ…“

ILINDEN CELEBRATION PICNIC

This year, we were truly blessed with perfect weather for our Ilinden celebration. As in previous years, the picnic was held in the large field behind the church — a space that offers plenty of room to set up food tables, an entertainment stage, and a dance floor, all under a spacious tent.

Over 30 picnic tables were arranged beneath the shade of the trees, creating a comfortable and inviting atmosphere for all attendees.

Entertainment was provided by Hristo Georgiev "Ice" from Toronto, whose energetic performance had everyone dancing throughout the day. His music brought an incredible energy to the celebration and kept spirits high from start to finish.

But the highlight of the day was undoubtedly the performance by our Gerdan Junior dance group, who stole everyone's hearts with their undeniable cuteness and joyful energy. Dressed in traditional Macedonian costumes, the young dancers mesmerized the crowd with their enthusiasm, charm, and pride in their heritage.

There was no shortage of entertainment for the children! From face painting by Funky Faces to hands-on fun with exotic animals provided by Zoo2You, the kids were all smiles throughout the day. One of the highlights was a visit from the LaSalle Fire Department, who brought along a fire engine and offered safety lessons — not just for the children, but for the adults as well, who enjoyed it just as much!

There was plenty to eat and drink throughout the day. As always, a delicious variety of food was served — from kebabs and shish-kebabs to traditional Macedonian baked beans, vegetable rice, and coleslaw.

A wonderful assortment of desserts was also available, thanks to the Ladies Auxiliary, who baked a wide variety of sweet treats. Many other ladies from the community generously donated desserts as well — and for this, we extend our heartfelt thanks.

The school also runs an adult program for members of the community who are second, third, or even fourth generation Macedonians and who wish to learn the language of their ancestors. Lessons are interactive and focus on developing all four skills: listening, reading, speaking, and writing. Parents: if you have children six years or older, we warmly encourage you to enroll them.
Through play, song, and friendship, they will learn the Macedonian language and culture.
Adults: if you want to reconnect with your roots, you too are welcome to join our classes. Learning the Macedonian language is essential for preserving our roots, traditions, and ties with the homeland.

The language is part of our
identity, our greatest treasure.
Language is our homeland –
speak Macedonian!

НАСТАВНИЧКАТА СНЕЖАНА ТЕШОВИЌ ЈА ЗАЦВРСТУВА СОРАБОТКАТА СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЛЕНИШТВО НА МАКЕДОНИЈА

Наставничката по македонски јазик Снежана Тесовиќ, во Торонто, Канада, престојот во татковината го комплетираше со посетата на Агенцијата за иселеништво, како единствена надлежна институција со која имала непречена соработка и поддршка и кон која чувствувала желба, обврска и потреба да ја посети во знак на благодарност и зацврстување на врската, како и информирање за состојбите на училиштето и заедницата.
На средбата наставничката Тесовиќ, по потекло од Куманово, информира дека училиштето по македонски јазик во Торонто е во рамки на МПЦО Св.Климент и Охридски, во чии простории се одржува наставата еднаш неделно за време на Богослужбата, по што учениците присуствуваат на светата причест и продолжуваат со други секции кои ги нуди Црковната општина, најчесто во фолклорната група „Ансамблот Македонка“ под водство на Петер Зискос и Вики Велјанов Зискос и во Карате клубот кој го води Кристофер Толевски.
Со еден збор, Црковната општина ги нуди сите можности младите да ги негуваат мајчиниот јазик, верата, фолклорот и традиционалните вредности и да се пренесуваат на идните генерации.Програмата и часовите Снежана Тесовиќ ги организира и креира самостојно според своето искуство како наставник за предучилишна возраст во рамки на канадскиот образовен систем.
Покрај комбинираната настава за деца, има организирано и настава за возрасни кои се 3-4 генерација на иселеници со македонско потекло и кои сакат да го научат јазикот на своите претци, што претставува голема радост и мотивација за наставничката.

Како поздрав од Црковната општина наставничката Тесовиќ донесе печатено издание од списанието „Македонија“ како и издадена книга со творби од учениците „Приказни од Торонто“.
Директорот на Агенцијата за иселеништво Горан Ангелов се заблагодари за посетата, за исцрпните информации и упати честитки за заложбата на наставничката и целата Црковна општина „Св.Климент Охридски Торонто“ како пример за најорганизирана заедница која оваа година ќе слави 60-годишен јубилеј од основањето. За потребите на наставата директорт Ангелов испрати учебници, лектири за најмладите и други едукативни материјали.

TEACHER SNEZANA TESOVIC STRENGTHENS COOPERATION WITH THE MACEDONIAN AGENCY FOR EMIGRATION

Visit to the Agency for Emigration of Macedonia
This summer, Snezana Tesovic, Macedonian language teacher in Toronto, visited the Agency for Emigration of Macedonia during her stay in the homeland. She described the Agency as the only state institution with which she has enjoyed continuous support and cooperation, and she felt it was both a duty and an honor to personally thank them, strengthen ties, and inform them about the work of the school and community.
Teacher Tesovic, originally from Kumanovo, explained that Macedonian language classes in Toronto are held once a week within the Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid." Classes take place during Sunday liturgy, after which students attend Holy Communion and then join other church activities, most often the folklore ensemble "Makedonka" led by Peter Ziskos and Viki Veljanov Ziskos, or the karate club run by Christopher Tolevski.

In this way, the Church provides young people with the opportunity to nurture their language, faith, folklore, and traditions, and to pass them on to future generations. All school programs and lessons are designed and organized by teacher Tesovic, drawing on her professional experience in early childhood education within the Canadian school system. In addition to the children's classes, she also organizes adult classes for Macedonians of later generations who want to learn the language of their ancestors – something she describes as both a joy and a motivation in her teaching. As a greeting from the Church community, Tesovic presented the Agency with copies of the newspaper "Macedonia" and the book "Stories from Toronto," written by her students.
Goran Angelov, Director of the Agency for Emigration, expressed his gratitude for the visit and detailed information she shared, and extended congratulations to Tesovic and the St. Clement of Ohrid Church community in Toronto – recognized as one of the best organized Macedonian communities abroad and this year celebrating its 60th anniversary.
To support their work, the Agency provided textbooks, reading materials for children, and other educational resources for the school.

ST. CLEMENT KARATE: BUILDING STRENGTH THROUGH MODESTY

At St. Clement of Ohrid, something remarkable is taking place. Each week, our martial arts program offers more than just punches and kicks. It builds character, discipline, and inner strength in our youth. Rooted in the Orthodox Christian faith, we teach our students that physical skill must be guided by spiritual purpose. In our character development program, one of the virtues we focus on is modesty. For the month of September, we will examine modesty. We do not see it as weakness, but as a quiet strength that helps us honor God and show respect to others.

In a world that often rewards self-promotion and aggressive ambition, modesty calls us to walk

humbly, speak gently, and act with care. As the Apostle Paul writes, "Let your gentleness be known to all men. The Lord is at hand" (Philippians 4:5). Our students learn that true strength is not revealed through boasting, but through the way they treat others—with kindness, patience, and self-control.
Saint Basil the Great taught, "Modesty is the guardian of virtue," and this becomes very real when a child helps a teammate up after a fall or steps back to let another shine. Through kata, partner drills, and focused training games, students not only sharpen their bodies, they shape their hearts. Whether practicing balance during stances or reflecting on humility during our class chats,

our students are learning how to live with purpose. This training isn't just for the dojo. It's for life. It's how we raise young people who are strong and compassionate, confident yet grounded.
If you're looking to help your child grow in confidence, discipline, and faith, our karate program may be the perfect fit. Designed with our church community in mind, this initiative nurtures both body and soul through Orthodox Christian values and martial arts instruction. At St. Clement Karate, we believe that true strength is formed not only in movement, but in character.

Christopher Tolevski

ВЕСТИ ОД МАКЕДОНИЈА

ЧЕТИРИ ГОДИНИ РАБОТА ЗА ГРАЃАНИТЕ

На самитот „Четири години работа за тебе“, премиерот и претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, истакна дека општините предводени од партијата вложиле во промени, инфраструктура и подобар живот без афери и скандали.

Во изминатите четири години се изградени и реконструирани над 770 километри улици и патишта, речиси 47 илјади метри водоводи и над 91 илјада метри канализации. Обновени се над 400 училишта, повеќе од 70 градинки и изградени десетици нови, со инвестиции над милијарда денари. Дополнително, преку два јавни повици се обезбедени 500 милиони евра за капитални проекти во општините, од кои во моментов се реализираат проекти вредни над 100 милиони евра. „ВМРО-ДПМНЕ е гаранција дека народот ќе ја врати иднината во свои раце и дека правдата и редот ќе победат,“ порача Мицкоски.

FOUR YEARS OF WORK FOR THE CITIZENS

At the summit “Four Years of Work for You,” Prime Minister and VMRO-DPMNE President Hristijan Mickoski highlighted that municipalities led by his party have delivered change, infrastructure, and a better quality of life, without scandals or corruption. Over the past four years, more than 770 kilometers of roads have been built or reconstructed, nearly 47,000 meters of water supply lines and over 91,000 meters of sewer systems installed.

More than 400 schools and over 70 kindergartens have been renovated, while dozens of new kindergartens have been built, with investments exceeding one billion denars. Additionally, 500 million euros have been secured through two public calls for capital projects in municipalities, with current projects worth over 100 million euros underway.

“VMRO-DPMNE is the guarantee that the people will take the future back into their own hands and that justice and order will prevail,” Mickoski stated..

ВО ЈУНИ 100 ОТСТО ОД ПОТРОШЕНАТА СТРУЈА ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

Во јуни годинава во Македонија вкупно се потрошени 296.651 мегават часови електрична енергија, 8,334 милиони нормални кубни метри природен гас, 357.500 тони јаглен и 101.113 тони нафтени продукти. Според податоците од Државниот завод за статистика, 100 проценти од потрошената електрична енергија е од домашно производство, а 99,9 отсто од вкупно потрошениот јаглен се употребени за производство на струја. Во споредба со минатогодишниот јуни потрошувачката на природен гас е намалена за 54,9 отсто, како резултат на намалената активност на когенеративните постројки, додека потрошувачката на нафтени продукти е зголемена за 9,5 проценти

IN JUNE, 100% OF ELECTRICITY CONSUMED CAME FROM DOMESTIC PRODUCTION

In June this year, a total of 296,651 megawatt-hours of electricity, 8.334 million standard cubic meters of natural gas, 357,500 tons of coal, and 101,113 tons of petroleum products were consumed in Macedonia. According to data from the State Statistical Office, 100 percent of the electricity consumed came from domestic production, while 99.9 percent of the total coal consumed was used for electricity generation. Compared to June of last year, natural gas consumption decreased by 54.9 percent, as a result of reduced activity at cogeneration plants, while consumption of petroleum.

55 ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ БИТОЛА ПРВА НАГРАДА ЗА КУД ,,ИЛИНДЕН,, ДЕМИР ХИСАР СО ТРАДИЦИОНАЛЕН ГОРНОСЕЛСКИ ФОЛКЛОР

Јубилејното издание на најстариот фолклорен фестивал во Македонија под слоганот ,,Денес за утре,, заврши со аплауз и достоинство. Добитници на наградите за најуспешни настаписе: Најуспешна група за традиционална музика и игра КУД ,,Илинден,, Демир Хисар, најуспешна група за староградска музика и игра ВИА ,,Распеани Струмичани,, Струмица, најуспешна вокална изведба Јовче Нанев, КУД ,,Весели пензионери,, Пробиштип, најкомплетна изворна носија КУД ,,Илинден,, Струга, посебно признание за афирмација на традицијата Димитри Балојани и КУД ,,Русалии,, Секирник.

55 ILINDEN DAYS BITOLA FIRST PLACE FOR KUD ,,ILINDEN,, DEMIR HISAR FOR TRADITIONAL GORNOSELSKI FOLKLORE

The jubilee edition of the country’s oldest folklore festival under the slogan ,,Today for Tomorrow,, concluded with applause and dignity Award winners for the best performances:

Best group for traditional music and dance KUD ,,Ilinden,, Demir Hisar, best group for old-town music and dance VIA ,,Raspeani Strumichani,, Strumica, best vocal performance Jovche Nanev, KUD ,,Veseli Penzioneri,, Probishtip, best traditional costume KUD ,,Ilinden,, Struga.

Special recognition for promoting tradition Dimitri Balojani and KUD ,,Rusalii,, Sekirnik.

NEWS FROM MACEDONIA

64-ТОТО ИЗДАНИЕ НА СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

-Живиот збор, поетскиот збор, учи, преобразува. Во него лежи и од него извира силата на поетската република, на Струшките вечери на поезијата.

Неможното за вештачката интелигенција е можно за поетите. Само тие се господари на чувствата и волшебници на зборот. Фокусирањето на глаголицата води 1160 години назад, кон старословенскиот јазик и огромната обединувачка улога на сесловенските просветители Кирил и Методиј, кон писменоста и нејзината најблиска другарка – поезијата –изјави Македонската претседателка Гордана Силјановска Давкова.

64TH EDITION OF THE STRUGA POETRY EVENINGS

“The living word, the poetic word, teaches and transforms. Within it lies the power of the poetic republic, of the Struga Poetry Evenings.

What is impossible for artificial intelligence is possible for poets. Only they are masters of emotions and wizards of language,” said Macedonian President Gordana Siljanovska-Davkova. She emphasized the historical significance of the Glagolitic script, tracing back 1,160 years to the Old Slavic language and the unifying role of Saints Cyril and Methody. “Literacy and its closest companion—poetry—continue to shape culture and society,” she added.

ПОРАСТОТ НА РЕАЛНАТА ПЛАТА ВО ВРЕМЕ НА ВМРО-ДПМНЕ Е 6,7 ОТСТО ЗА РАЗЛИКА ОД 3,5 ОТСТО ВО ВРЕМЕ НА СДСМ, ВЕЛАТ ОД ВМРО-ДПМНЕ

Реалната просечна плата порасна двојно повеќе споредено со времето кога СДСМ беше на власт, реагираат од ВМРО-ДПМНЕ, на објавата на лидерот на СДСМ Венко Филипче за пад на животниот стандард. Од владејачката партија посочуваат дека статитстиката потврдува оти порастот на реалната плата во време на ВМРО-ДПМНЕ изнесува 6,7 отсто, за разлика, од како што велат, 3,5 отсто во времето на СДСМ.

VMRO-DPMNE: PEOPLE ARE BETTER OFF TODAY THAN DURING SDSM RULE

The growth of real wages under VMRO-DPMNE stands at 6.7 percent compared to 3.5 percent during SDSM rule, VMRO-DPMNE states. The real average wage has increased twice as much compared to the period when SDSM was in power, VMRO-DPMNE reacted to SDSM leader Venko Filipche’s statement about a decline in the standard of living. The ruling party points out that statistics confirm the growth of real wages under VMRO-DPMNE at 6.7 percent, compared to 3.5 percent during SDSM’s tenure.

ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ЗА ХУМАНОСТ И СОЛИДАРНОСТ

Во Собранието на Македонија беше врачена државната награда „Мајка Тереза“ на доц. д-р Ирфан Ахмети и Борче Стаменов за нивниот извонреден придонес во хуманоста, солидарноста и поттикнување на меѓусебното разбирање меѓу луѓето и заедниците.

“MOTHER TERESA” STATE AWARD FOR HUMANITY AND SOLIDARITY

The “Mother Teresa” State Award was presented in Macedonian Parliament to Doc. Dr. Irfan Ahmeti and Borche Stamenov for their outstanding contributions to humanity, solidarity, and fostering mutual understanding among people and communities.

УЧЕТЕ МАКЕДОНСКИ ОД ДОМА ОН-ЛАЈН НАСТАВА ЗА ДЕЦА ВО СТРАНСТВО

Агенцијата за иселеништво и оваа година организира он-лајн настава по македонски јазик за деца со македонско потекло кои живеат во странство. Наставата ќе започне на 1 септември 2025 година и ќе се одвива двапати неделно, обезбедувајќи можност децата да го учат македонскиот јазик од удобноста на својот дом. Сите заинтересирани родители можат да ги запишат своите деца преку официјалната е-пошта на Агенцијата за иселеништво: info@minisel.gov.mk. Оваа иницијатива е значаен придонес за зачувување на македонскиот јазик, култура и корени меѓу младите генерации во дијаспората.

LEARN MACEDONIAN FROM HOME – ONLINE CLASSES FOR CHILDREN ABROAD

The Agency for Emigration is once again organizing online Macedonian language classes for children of Macedonian descent living abroad. Classes will begin on September 1, 2025, and will be held twice a week, giving children the opportunity to learn the Macedonian language from the comfort of their own homes. Parents interested in enrolling their children can do so via the official email of the Agency for Emigration: info@minisel.gov.mk. This initiative is an important contribution to preserving the Macedonian language, culture, and heritage among young generations in the diaspora.

ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

Contact Us

Address
2695 Durante Way,
Milton, ON, L9T 5J1

Sales: 833-216-1270

Hours of Operation

Monday	*9:00 AM to 6:00 PM*
Tuesday	*9:00 AM to 6:00 PM*
Wednesday	*9:00 AM to 6:00 PM*
Thursday	*9:00 AM to 6:00 PM*
Friday	*9:00 AM to 5:00 PM*
Saturday	*9:00 AM to 5:00 PM*
Sunday	*Closed*

THIS IS NOT A BORDER – THIS IS A BOND": PRIME MINISTER MICKOSKI AT THE MACEDONIAN FOLKLORE FESTIVAL IN PUSTEC PUSTEC, ALBANIA

"Pustec is living proof that belonging cannot be erased. Roots remain, even when strong winds blow above them. And there are people who do not seek gratitude, but only the opportunity to continue where others would give up," said Prime Minister Hristijan Mickoski in his address at the Macedonian Folklore Festival Prespa in the Municipality of Pustec, Albania. "Thank you for carrying that silence filled with strength. Thank you for remaining true to yourselves. And I promise you, this country will repay you with respect, with work, and with constant support. Long live everyone who proudly preserves their identity. Long live the unity that knows no borders, but only true values," Mickoski declared. In his remarks, he stressed that in recent times, "we are witnesses of attempts to deny us, to rebrand us, to make us modern, to erase us, to question everything that is Macedonian."

But, he added, what he saw and felt in Pustec gave him deep inspiration to continue supporting Macedonians everywhere in the world. "We are proud Macedonians and we will remain so – with a centuries-old unique identity and our mother tongue, different from all other Balkan languages," Mickoski emphasized, underlining that the Macedonians in Albania are loyal citizens of their country, while at the same time an inseparable part of the Macedonian nation. The Prime Minister also highlighted that Macedonia, after seven years of national humiliation, is now experiencing "an economic and national renaissance" in the last 13–14 months. "We are not Greeks, nor Bulgarians, nor Serbs – we are Macedonians, in Albania and everywhere in the world," he said. Before the gathered people of Pustec and Mala Prespa, Mickoski underlined that the nation is built precisely through the bonds of people who feel it as their own, no matter where they live. "Whether close or far, whether at home or abroad, the feeling, identity, and belonging remain the same. Your place in this story is special – not just because geographically you are in another state, but because in every other sense you are deeply in the heart of our homeland," he stated. Mickoski concluded that the Government is committed to real support – in education, culture, economic development, and cross-border cooperation. "This is not charity, but obligation. Not because someone pressures us, but because we believe it is right. This is not our last meeting, but the first of many. Because this is not a border – this is a bond. This is not distance – this is closeness. This is not a footnote in someone's report – this is a chapter in our national story," Mickoski declared.

Страница посевтена на Македонците од Албанија, поддржана од друштвото ,,Мала Преспа,, - Канада

ПУСТЕЦ Е ДОКАЗ ДЕКА ПРИПАДНОСТА НЕ СЕ БРИШЕ. ДЕКА КОРЕНОТ ОСТАНУВА, ДУРИ И КОГА НАД НЕГО ДУВААТ СИЛНИ ВЕТРОВИ.

И дека постојат луѓе што не чекаат благодарност, туку само можност да продолжат онаму каде што другите би се откажале, порача денеска премиерот Христијан Мицкоски, во обраќањето на Македонскиот фолклорен фестивал Преспа во Општина Пустец, во Албанија.

-Ви благодарам што ја носите таа тишина исполнета со сила. Ви благодарам што останавте свои. И ви ветувам, оваа држава ќе знае да ви возврати со почит, со работа и со постојана поддршка. Да живее секој кој со достоинство го чува својот идентитет. Да живее заедништвото што не признава граници, туку само вистински вредности- истакнаМицкоски. Во последно време, продолжи Мицкоски, „сме сведоци како се обидуваат да не негираат, надсинхронизираат, да не направат модерни, да не бришат, да се обидуваат сето она што е македонско да го оспоруваат".

-Но она што го гледам и она што го чувствувам во Пустец за мене е голема инспирација да продолжиме да ги поддржуваме Македонците насекаде во светот и да покажеме дека сме Македонци, со многувековен посебен идентитет, кои говорат на свој мајчин јазик, различен од сите балкански јазици. Ние сме горди Македонци и ќе останеме да бидеме- истакна Мицкоски.Нагласувајќи пред присутните дека тие се лојални граѓани на Албанија, тој им порача дека во него и во Владата може да гледаат брат и пријател, како и дека може да сметаат на помош за се што им е потребно.

-Македонија по седум години национално понижување и ограбување од политичари кои за среќа сега се минато, овие 13-14 месеци доживува и економска и национална ренесанса. Ние не сме ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби, туку сме Македонци, во Албанија и насекаде во светот- рече Мицкоски.Во обраќањето пред жителите на Пустец и Мала Преспа нагласи оти верува дека дека една нација ја чини токму ова, врската меѓу луѓето кои ја чувствуваат како своја, без разлика каде живеат.

-И кога сме блиску и кога сме далеку, кога сме во татковината или надвор од неа, чувството, идентитетот, припадноста остануваат исти. Вашето место во оваа приказна е посебно. Не само затоа што географски сме во различни држави, туку затоа што по сè друго сте длабоко во срцето на нашата татковина. Вие сте синоними за истрајност, за тивка лојалност, за истовремено достоинство и скромност. И кога никој не ве прашувал, и кога не ве спомнувале, вие останавте тоа што сте. И останавте лојални на државата во која живеете- рече Мицкоски.

Додаде дека изминатите децении, многу работи се менувале, политики, влади, граници, но тие останале доследни.

-Овде, македонскиот јазик не е нешто што се одржува по навика, туку нешто што се пренесува со љубов. Овде, песната, обичаите, спомените, се дел од животот, секојдневие. Токму затоа, постои чувство на длабока почит кога човек ќе дојде овде. Не од формалност, туку од убедување. Жалам што пропагандите што го следат Македонецот низ историјата не ве заобиколија. Ги видовте, ги почувствувавте, ги живеевте, преку замени, преку притисоци, преку тивки, но упорни обиди да се разниша она што е ваше. Но уште повеќе, горд сум што не потклекнавте. Не ја прифативте удобната заборавеност. Не се срамевте од себе. Не дозволивте никој да ви го дефинира идентитетот наместо вас. И за тоа ви се поклонувам- рече премиерот..

Нагласи дека една држава ја покажува својата зрелост преку тоа како се однесува со оние што не и се во центарот и додад дека денеска сакаат да покажат дека учат од минатото.

-Дека сакаме да воспоставиме нов однос со вас, не декларативен, не симболичен, туку вистински. Со поддршка што ќе се гледа, со соработка што ќе се чувствува, и со внимание што нема да згасне веднаш по оваа средба. Свесен сум дека секојдневието овде носи свои предизвици. Но исто така сум уверен дека има иднина за Пустец. Има иднина за секое дете што учи на мајчин јазик, за секоја фамилија што сака да остане овде, за секој млад човек што верува дека вреди да се остане свој и на своето. Затоа, како Влада, имаме одговорност да бидеме поддршка. Во образованието, во културата, во економскиот развој, во сите форми на прекугранична соработка. Не како милост, туку како обврска. Не затоа што некој нè притиска, туку затоа што веруваме дека тоа е исправно – додаде Мицкоски. Нагласи дека посакува младите во Пустец да пораснат со чувство на припадност што не се заснова на страв, туку на самодоверба.

-Сакам секој родител овде да знае дека вреди што го учи своето дете на мајчин јазик. Сакам да создадеме услови тука да се живее подобро, не со празни зборови, туку со видливи резултати. Ова не е последна средба. Ова е прва од многуте. Затоа што нашата работа дури сега почнува. Ние не сме овде само за говор. Ние сме овде за врска што ќе се гради секој ден, со проекти, со програми, со политика што ќе допре до вас, како што вашата истрајност допре до нас. Затоа, нека се слушне јасно: Ова не е граница – ова е врска. Ова не е далечина – ова е блискост. Ова не е фуснота во нечиј извештај – ова е глава во нашата национална приказна- нагласи Мицкоски.

111 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА СТЕРЈО СПАСЕ

Во неговото родно село Глобочени беше одбележана 111-годишнината од раѓањето на писателот Стерјо Спасе (1914–1989). Делегацијата на Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ), заедно со Ристо Дурловски – претседател на „Обединети Македонци" од Канада, положи цвеќе на неговата биста. Стерјо Спасе, роден во Глобочени и починат во Тирана, е еден од основоположниците на современата албанска литература. Со својот ангажман како писател, антологичар, преведувач и собирач на македонски народни умотворби, тој остави длабока трага во културната историја. „Глобочени и Преспа со право се горди што на Албанија и дадоа бесмртен писател, чијшто дела се вградени во темелите на албанската книжевност и го осветлуваат придонесот на Македонците во албанското општество."

111TH ANNIVERSARY OF STERJO SPASSE'S BIRTH

In his native village of Glloboceni, the 111th anniversary of the birth of writer Sterjo Spasse (1914–1989) was commemorated. A delegation from the Macedonian Alliance for European Integration (MAEI), together with Risto Durlovski – president of "United Macedonians" from Canada, laid flowers at his bust. Sterjo Spasse, born in Glloboçeni and deceased in Tirana, is considered one of the founders of modern Albanian literature. As a writer, anthologist, translator, and collector of Macedonian folk creations, he left a lasting mark in cultural history. "Glloboceni and Prespa are rightfully proud to have given Albania an immortal writer whose works are embedded in the foundations of Albanian literature and highlight the contribution of Macedonians to Albanian society."

ВАСИЛ СТЕРЈОВСКИ УПАТИ ЈАВНА БЛАГОДАРНОСТ ДО СВОИТЕ СОНАРОДНИЦИ ОД МАЛА ПРЕСПА – ВЛАДИМИР ТЕРПО, НАСТЕ ГРАЖДАНИ И ЈАНИ МАЛЕВСКИ ОД ТОРОНТО.

За време на неговиот престој во Канада тие му приредија искрено преспанско гостопримство.

„Ви благодарам за гостопримството, времето и убавите разговори. Ви посакувам многу среќа, здравје и успех – и во семејството, и во работата. Крвта вода не станува!" – истакна Стерјовски.

Vasil Sterjovski expressed his heartfelt gratitude to his compatriots from Mala Prespa-Vladimir Terpo, Naste Grazdani and Jani Malevski from Toronto

During his stay in Canada, they welcomed him warmly into their homes and shared moments he will always cherish. "Thank you for your hospitality, your time, and the wonderful conversations. I wish you much happiness, health, and success – both in your families and in your work. Blood is thicker than water!" – said Sterjovski.

ЗАЕДНИЦА НА ВЕЧНИОТ ЖИВОТ

Пишува:
Протоерej
Александар Тодоровски
Парохиски свештеник во Епархиски соборен храм „Св. Климент Охридски“ - Торонто
Тел. 654 801 9915; e-mail: fr.aleksandar@stclementofohrid.com

Во септември оваа година нашата Македонска православна катедрала „Св. Климент Охридски“ во Торонто одбележува голем јубилеј – 60 години од своето осветување. Тоа е голем празник не само за нашата парохија, туку и за целата наша заедница. Таквите јубилеи се потсетник дека Црквата не е само градба од камен и дрво, туку живо тело составено од луѓето што веруваат и се собираат во името Христово. Затоа, по повод овој значаен настан, вреди да се потсетиме и да поразмислиме: што е всушност Црквата?

Црквата е живо средиште на тајната на спасението. Таа е новата Божја твар, живо резиме на Христовото искупително дело. Таа е место и начин на Неговото присуство, кое продолжува да трае во светот сé до крајот на вековите. Уште повеќе, Црквата е токму Самиот Христос, целиот Христос. Но, сепак, Црквата е историски ентитет, земна и видлива реалност, како што и Воплотението на Словото, исто така, претставувало историски настан, иако таинствен и достапен единствено за верата. Тајната на Црквата има антиномична структура, како и тајната на Богочовекот Христос. Тука имаме две реалности, Божествена и човечка, неслиени, но во нераскинливо и совршено единство. Ние сме должни внимателно да ги разликуваме, но никогаш не смееме да се осмелиме да ги раздвоиме.

Терминот Црква (еклисија), што го употребувале уште првите христијани за да ја покажат таа нова реалност за којашто имале свест дека и припаѓаат, претпоставува и укажува на една многу јасна концепција за тоа што била за нив Црквата. Одбран, очигледно под влијание на начинот на којшто бил употребуван во Септуагинтата, тој збор ги истакнувал следниве две основни гледишта: органски продолжеток на двата Завета и заеднички карактер на христијанското битисување.

Христијанското битисување на почетокот било сфаќано во свештената перспектива на месијанската подготовка и исполнување. Исто така, тоа нераскинливо било преплетено со една сосема конкретна теологија на историјата. „Бог, Кој во старо време, толку многупати и на многу начини им зборуваше на нашите предци преку пророците, во последниве денови ни зборува преку Синот, Кого Го постави наследник над сé, преку Кого ги создаде и вековите“ (Евр 1,1-2). Тоа претставувало најголемо откровение, мисијанско исполнување, доаѓање на ветеното. Дните на очекување завршиле. Зазорел денот Господов. Христијанското битисување од почетокот имало есхатолошко значење и карактер. Но, сепак, Новиот Завет, обновен од умрениот, воскреснат и прославен Исус Христос и запечатен од Светиот Дух во тајната на Педесетницата, не бил ништо друго освен оној ист (Стар) Завет што постанал нешто порано, сега пресоздаден и дополнет, резимиран и обновен.

Новородената христијанска Црква јасно се идентификувала себеси со вистинскиот Божји Израил. Христијаните биле вистински Израилци според духот, наследници на сите месијански ветувања од минатото. Поточно, тие биле „верен остаток“, што се одвоил од древниот, некогаш избран, а сега отпаднички народ, осуден поради своето неверие. Името „мало стадо“, што Христос и го дал на месијанската заедница што се собрала околу Него (Лк 12,32), се чини дека укажува токму на тој „остаток“ од Израилот – односно на оние кои Го признале Месијата и ја примиле Веста на Божјото Царство во своите срца. Веројатно, на почетокот, официјалното име „Црква“ се употребувало само за првата јудео-христијанска заедница во Ерусалим, која го претставувала токму тој „остаток“. Подоцна и другите, незнабожците и варварите, биле воведени во неа со еден нов Божји призив, и на крај, двете одвоени племиња, Јудејците и незнабошците, составиле едно потполно ново племе, ново духовно племе.

Уште во Стариот завет зборот „Црква“ сугерирал посебно настојување на органско единство на Избраниот народ кој се сметал безмалку за свештен ентитет. Христијанската Црква, исто така, била народ, народ свет, народ Божји, род избран... луѓе свет, народ придобиен (1 Петр 2,9). Христијанството од почетокот постоело како реалност заедничка, како заедница. Никој не можел да биде христијанин самиот за себе, како одвоена индивидуа, туку само заедно со „браќата“, преку општењето и заедничарењето со нив. Личното убедување или посебната дисциплина на живеење сé уште не го прават човекот христијанин. Христијанската егзистенција претпоставува и повлекува по себе вплотување, учество во заедницата.

Сепак, потребно е веднаш да конкретизираме: во апостолската заедница, Христијанската или, подобро кажано, месијанската „заедница“ (важно е да не заборавиме дека „Христос“ значи всушност „Месија!“) ја оформил токму Самиот Христос во текот на Својот живот во тело и и' дал макар една привремена организација, преку изборот и поставувањето на Дванаесетминината на нивната мисија – Дванаесетминината на кои им дал име (или, поточно, титула) „Апостоли“. Зашто „апостолството“ на Дванаесетминината не било само привремена заповед, туку сосема официјална мисија што тие ја презеле, примајќи „власт“, односно „авторитет“. Дванаесетминината всушност самите биле задолжени да обезбедат истовремено продолжеток и Вести и заедничарски живот. Затоа заедницата со „Апостолите“ (меѓу кои секако биле и „Дванаесетминината“) ја сочинувала темелната карактеристика на првата „Божја Црква“ во Ерусалим. Исто така, ниту Христовата проповед никогаш не била упатена кон поединци, туку кон Народот, избраниот Божји Израил, а Он Самиот ја собрал таа месијанска заедница, чие конечно исполнување е христијанската Црква.

Христијанството претпоставува заеднички живот. Христијаните се должни да се сметаат едни со други за „браќа“ (што навистина и било едно од нивните први имиња), членови на една заедница, меѓусебно блиску поврзани. И затоа братската љубов треба да биде прв знак, како и прв доказ на сведочење на таа заедница, и така имаме право да кажеме дека христијанството е заедница, друштво, братство.

Но, која е таа сила што меѓусебно ги собира и соединува и дали христијанската Заедница, Црквата, е само човечка заедница, доброволен сојуз на луѓе? – Христијаните не се само меѓусебно соединети туку, пред сé, се „едно во Христа“, и само тоа единство или заедница со Христа го овозможува вистинското единство помеѓу луѓето во Него. Центар на единството е Господ, а силата што го остварува и устројува тоа единство е Светиот Дух. Така, Црквата не е заедница човечка, земна, туку, попрво, „Божествена Заедница“; во времето, секако, таа е навистина „видлива“, должна сé уште да биде „во светот“, во којашто смисла може да се спореди со другите човечки заедници, но таа е исто така и свештена заедница, која не е повеќе „од овој свет“, ниту е „од овој век“, туку му припаѓа на „идниот век (еон)“, кој таа го објавува и однапред го остварува. Значи, Црквата е нешто повеќе од човечка заедница, зашто токму Самиот Христос припаѓа на таа заедница. Он е нејзина Глава, а не само Господ, Учител или Началник. Христос не е над или надвор од Црквата. Ниту верните не се само оние кои ги следат или се покоруваат на Неговите заповеди. Верните се оние кои се вплотени во Него, кои живеат во Него, или, поточно, оние во кои таинствено престојува Самиот Он. Значи, суштински е важно да се забележи дека христијанската заедница, Црквата, е заедница осветена или светотаинска, дека единството на Црквата се остварува по пат на светите Тајни – Крштението и Божествената Евхаристија, кои претставуваат две „заедничарски свети Тајни“. Во нив се изразува и запечатува вистинската кохезивна сила на христијанството. Поточно кажано, светите Тајни ја сочинуваат Црквата. Токму во светите Тајни христијанската заедница ги надминува чисто човечките димензии и постанува Црква. Поради тоа „правилното извршување на светите Тајни“ припаѓа на суштината на Црквата.

Ако говориме буквално, месијанската Заедница што ја собрал Господ Исус Христос пред Своето страдање и слава, пред да слезе на неа „Ветувањето на Отецот“ и пред „да се облече во сила од висините“ и да биде „крстена во Светиот Дух“, сé уште не била Црква, иако најголемата света Тајна на Единството, Евхаристијата, веќе била поставена, и тоа во навечерието на страдањето. Пред да се открие победата на Крстот во славата на Воскресението, Црквата сé уште се наоѓала во сенката на Законот. Сé уште траело навечерието на исполнувањето. А Педесетница била тука за да посведочи за Христовата победа и да ја запечати. „Новиот еон“ навистина е откриен и вистински започнал во моментот на Педесетницата. Оттаму, животот на Црквата е продолжение на Педесетницата, или поточно кажано, животот на Црквата е заснован врз двете меѓусебно поврзани свети Тајни: Тајната на Божествената Евхаристија и Тајната на Педесетницата.

Преку Светиот Дух христијаните се соединуваат со Христа, соединуваат во Него, го сочинуваат Неговото Тело, Едното тело, Телото Христово. Христовата Црква е една во Евхаристијата, зашто Црквата е Самиот Христос, Новиот Адам и Спасител на телото, Кој таинствено пребива во Црквата, а Црквата е телото на таа Глава. Црквата навистина е тело и, попрво, организам, отколку група или здружение. И таа всушност е Организам Христов, во кој Неговиот прославен живот се раздава и продолжува.

Освен тоа, Црквата е Тело Христово и „полнота“ Негова. „Тело“ и „полнота“ се два блиску поврзани поими во свеста на апостолот Павле, кои се објаснуваат еден со друг: „Таа е Телото Негово, полнота на Оној Кој исполнува сé во сé“. Св. Јован Златоуст ја коментира токму во таа смисла Павловата мисла: „Полнотата Христова е Црквата. Зашто полнотата на Главата е телото, а полнотата на Телото е Главата“. Христос во никој случај не е сам. „Он го подготвил целиот род Него да Го следи, до Него да се држи, по Него да оди“. Значи, Неговото Тело ги исполнува сите.

„Тогаш Главата се исполнува и тогаш Телото станува совршено, кога сите сме поврзани во едно“.

Со други зборови, Црквата е продолжеток и „полнота“ на Воплотението или поточно, на воплотениот живот на Синот, со „сето она што поради нас се случило, Крстот, гробот, тридневното Воскресение, Вознесението на небесата, седењето оддесно“, а Воплотието продолжува и се извршува внатре во Црквата. Црквата, на некој начин, е всушност Самиот Христос во својата полнота која ги опфаќа сите. Целиот човек сме Он и ние, зашто Христос не е само во главата, ниту во телото, туку целиот Христос е Глава и тело, како што вели блажени Августин: „Зашто Господ наш Исус не е само во Себе Самиот, туку и во нас“.

Сепак, не треба премногу да се нагласува ниедна аналогија. Идејата на организмот, кога со неа се користиме во Црквата, има свои ограничувања. Од една страна, Црквата ја сочинуваат човечки личности, кои никогаш не треба да ги сметаме за елементи или ќелии на целината, бидејќи секој се наоѓа во директно и непосредно единство со Христа и Неговиот Отец. Идејата на организмот треба да биде дополнета со согласноста на личноста, што претставува срце на православното поимање на соборноста. Тоа е основната причина зашто треба да се даде предност на едно христолошко поимање на Црквата.

Црквата е двојна во својот живот: истовремено е историска заедница на земјата и Тело Христово, присутна кај искупените и кај грешниците. И покрај историските несовршенства, веќе овде се открива есхатолошката, „крајна“ реалност – новиот живот во Христа. Таа не е само видлива институција, туку светотаинска заедница во која Духот Божји престојува, претворајќи го слабото човечко тело во орган на божествената благодат.

Примарната задача на Црквата е да објавува друг свет – животот што ќе дојде – и тоа не само со зборови, туку со својот живот и дела. Таа ги повикува луѓето да влезат во новиот живот во Христос, да се преобразат преку вера и покајание и да се родат „со вода и Дух“. Така сведочењето на Евангелието се остварува преку светите Тајни и животот на секој верник.

Црквата е жив, свет и есхатолошки присутен дом на спасението, кој на секого што влегува му открива пат кон вечниот живот.

Продолжува

Страницата е помогната од доброчинителите Јулија и Славе Димитрови

WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

EXPERIENCE THE 81ST ANNUAL MACEDONIAN OPEN GOLF TOURNAMENT

ANGUS GLEN GOLF CLUB
DATE: MONDAY, JULY 7TH, 2025
REGISTRATION OPENS SOON

CMPF
MACEDONIAN
OPEN

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

Amenities
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the “old country”, provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops

850
O’ Connor Drive
Toronto On
M4B 3L6

Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;
Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;
Располагаме и со паркинг места за станарите;
Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.

За повеќе информации јавете се кај:
Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска

на тел. број: 416-755-9231

ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com
sjakimovska@canadianmacedonianplace.com

ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА ГО ОДРЖА 67-МИОТ ИЛИНДЕНСКИ ПИКНИК

По повод македонскиот национален и верски празник Илинден, свеченостите започнаа на втори август со положување венци пред споменикот во „Чест и слава на паднатите борци за ослободување на Македонија“, кој во 1979 година ООМК го постави пред МПЦ св. „Климент Охридски“ во Торонто. Отците Јован Босеовски и Сашо Целески оддржаа помен за паднатите жртви за ослободување на Македонија и македонскиот народ.

Потоа, претседателот Ристо Дурловски се обрати пред присутните оддавајќи заслужена чест и почит кон сите знајни и незнајни македонски јунаци кои ги положиле своите животи пред олтарот за слободата на Македонија.

Следниот ден, трети август, во присуство на илјадници посетители, Организацијата Обединети Македонци во Канада (ООМК) организира по 67-ми пат Илинденски пикник на својот парк, исто така именуван македонски парк „Илинден“, кој се наоѓа северо-источно од Торонто.

Свеченостите започнаа во 10:00 часот со редовната света богослужба во манастирот Св. „Илија“ од страна на Отецот Стефан Груевски. За прв пат добивме дар за да го украсиме олтарот на светиот престол со два големи свети крстови од семејството на Драганчо и Гордана Коминовски. Со истите крстови се крсти света вода пред манастирот св. Илија. На крајот од службата, Зоран и Линда Мондовски беа избрани за нови кумови за следната година. Тие ги заменуваат досегашните кумови Димче и Билјана Трифуновски.

Во 14:00 часот започна свечената програма со изведување на химните на Канада и Македонија.

Прво, Отецот Стефан Груевски, заедно со Отец Горан Ристески прочитаа молитва и го благословија јадењето и пиењето на пикникот. Прота Стефан Груевски оддржа мал говор во чест на празникот св. „Илија“.

По молитвата, водителот на програмата, Никола Делов, го покани претседателот на ООМК, Ристо Дурловски да им се обрати на присутните. Претседателот Дурловски им се заблагодари на присутните за посетата и нивниот придонес за успешен пикник. Дурловски исто така потсети за трите Илиндена, првиот во 338 г.п.н.е. со битката на Херонеја, вториот Илинден во 1903 година со Илинденското востание и третиот Илинден во 1944 година со создавањето на АСНОМ-ска Народна Република Македонија. Претседателот ги потсети присутните на големата надеж која ја имаме со новата Влада и претседател во Република Македонија да се охрабрат и вратат државното име кое го смени претходната власт.

Претседателот Дурловски се заблагодари на сите наши членови и поддржувачи кои помогнаа паркот да се припреми за овој свечен пикник.

Потоа, на присутните им се обрати почесниот гостин од Албанија, Васил Стерјовски. Како претседател на партијата Македонска алијанска за европска интеграција и во име на Македонците во Албанија ги поздрави присутните и ги запозна со тековните збиднувања со кои се соочуваат Македонците во Албанија во својата борба за човекови и етнички права.

Веднаш потоа, претседателот Дурловски му врачи на гостинот Стерјовски Признание „Македонски непокор“, за „стаменит бранител на македонските национални интереси, непоколеблив во својата национална определба, гордост на секој национално свесен Македонец и достоен претставник на Македонците во Албанија и македонскиот народ низ цел свет“.

Признание подоцна доби и Софиа Ристанчев, за „примерна ученичка и врвна пливачка, гордост на своите родители и сите Македонци во Канада“, охрабрувајќи ја во „нејзината упорност да напредува во пливањето и наскоро да ја претставува Република Македонија на меѓународни натпревари“.

Во име на сите претседатели на македонските црквни општини во Канада, поздрав пренесе Борис Стојкос, претседател на МПЦ „Св. Климент Охридски“ од Торонто.

Потоа, водителот Делов одржа говорот за значењето на Илинден во нашата историја.

Свечената програма завршува со читањето на Прогласот до властите во Република македонија, кој е приложен подоле.

По свечениот дел од програмата, пикникот продолжи со сенародна веселба со прекрасните македонски песни и ора во изведба на оркестарот „Соња и Оливер“.

За децата, надуваните играчки беа „рај на земјата“ (лизгалка и трчање со препреки) кои веќе трета година се обезбедено од Бинго уорлд (Bingo World) на браќата Карапалевски.

Целиот настан беше снимен од македонската телевизиска програма, „Македонски корени“ од Торонто.

Васил Стерјовски:

Ми претставува огромна чест и искрена благодарност што најстарата и најугледна организација на Македонците во Канада, „Обединети Македонци“, ми го додели признанието „Македонски непокор“, како симбол на почит кон мојата долгогодишна и непоколеблива борба за македонската кауза во Албанија.

Ова признание, кое ми го врачи г-дин Ристо Дурловски, претседател на „Обединети Македонци“, за време на величествената прослава на традиционалниот Илинденски пикник во Торонто, за мене претставува повеќе од награда, тоа е потврда дека нашата кауза е праведна и дека нашата борба има смисла.

Нашата мисија е јасна: да го чуваме и негуваме македонскиот идентитет, јазик и култура, и да ги пренесуваме со љубов на идните генерации.

Од Преспа до Торонто, македонското срце чука како едно!

ПРОГЛАС

Од Илинденската средба во Торонто, Канада, 3 август, 2025 година

Загрижени од тековните збиднувања во нашата татковина Македонија, ние Македонците од Канада, предводени од Организацијата Обединети Македонци во Канада и собрани на овој величествен Илинденски собир,

ПРОГЛАСУВАМЕ ДЕКА

1. Ние, Македонците во Канада не ги признаваме понижувачките и штетни меѓународни договори кои ги потпиша претходната и нелегитимна власт во Република Македонија, и со тоа го смени македонското историско име и националниот идентитет на секој Македонец;

2. Разочарани од новата власт која продолжува да ги почитува штетните меѓународни договори, иако во предизборјето ветуваа дека никогаш и во никој случај нема да го користат новото наметнато државно име;

3. Се чувствуваме понижени со постојаното тргување со македонската историја, преку меѓудржавните комисии за историски прашања, кои се претворија во чиста распродажба на целата македонска историја;

ЗАТОА, ГИ ОХРАБРУВАМЕ ЧЕЛНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, првенствено претседателката на Република Македонија, Гордана Силјановска Давкова и претседателот на Владата на Република Македонија, Христијан Мицкоски,

Да покажат храброст, доблест и далекувидост, и да ја усмерат Република Македонија во светла иднина за да постане гордост и патоказ за секој Македонец на планетата Земја. За секој македонски родољуб да биде горд на својата татковина, политичкото раководство треба да ги спроведе на дело желбите на македонскиот народ и за чие исполнување Македонците ги дадоа своите гласови:

1. Еднострано и под итно да ги раскинат сите штетни меѓународни договори, како Преспанскиот и договорот за добрососедство со Бугарија, и да престанат со отстапување на нашата историја на вековните соседски порекнувачи на се‘ македонско;

2. Да ги известат ООН дека ние го продолжуваме членството во светската организација под историското име Македонија, т.е. под политичкото име Република Македонија, а на англиски Republic of Macedonia;

3. Враќање на првото знаме на независна Република Македонија со македонското шеснаесеткрако сонце од Кутлеш, кое го користиме како национално знаме на сите Македонци ширум светот;

4. Враќање и воспоставување на Илинденско-АСНОМска Македонија, како држава на македонскиот народ и малцинствата кои живеат во Република Македонија;

5. Правно санкционирање на сите велепредавници кои го понижија секој родољубив Македонец со промената на македонското државно и национално знаме со шеснаесеткракото македонско Сонце; сите што преговараа за промена на името; и конечно, сите кои го сменија името, идентитетот и историјата на Македонија и македонскиот народ.

6. Ги охрабруваме да се зафатат со градење на македонскиот свет преку духовно, културно, јазично и економско обединување на Македонците ширум светот.

7. Безрезервно бараме етнички, јазични, културни и верски права за Македонците во поробените делови од Македонија кои нашите соседи со сила и измама ги поробија во 1912 година. Ние ветуваме дека неуморно ќе се бориме за Македонците во цела Македонија да ги уживаат сите човекови права како што се загарантирани од меѓународните договори.

Торонто, 3 август, 2025 година

Ристо Дурловски, престседател на ООМК

ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА
Ве поканува сите да го прославиме 8ми септември
ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

на Македонскиот парк „Илинден“
недела, 7ми септември, 2025

Влезот е бесплатен - паркот ќе биде отворен од 9:00 часот

The United Macedonians Organization of Canada
Invites you all to celebrate 8th September

Independance Day of the Republic of Macedonia

Sunday, 7 September 2025

Entrance is free - park will be open from 9:00 am

60-ГОДИШНИНА ОД МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО КОЛУМБУС, ОХАЈО, САД

По повод јубилејните 60 години од основањето на Македонската православна црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Колумбус, Охајо, беше отслужена свечена Божествена Литургија во величественото храм. Богослужбата ја предводеше Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во сослужение со надлежниот архиерej на Американско-канадската епархија, Митрополитот г. Методиј, и повеќе свештенослужители. За време на литургијата, Архиепископот Стефан му упати признание на Митрополитот Методиј по повод неговата 20-годишнина од епископската хиротонија и неговиот роденден, дарувајќи му молитвен подарок во знак на братска љубов и духовно единство. Честитки до домаќините за јубилејот!

Ваквите собири се вистински благослов и потсетник на нашата заедничка вера и радост, со надеж за уште многу години на духовни и заеднички успеси.

60TH ANNIVERSARY OF THE MACEDONIAN ORTHODOX CATHEDRAL OF THE DORMITION OF THE VIRGIN MARY,COLUMBUS OHIO, USA

On the occasion of the 60th anniversary of the Macedonian Orthodox Church “Dormition of the Most Holy Mother of God” in Columbus, Ohio, a solemn Divine Liturgy was celebrated in the magnificent church. The service was led by His Beatitude, Archbishop of Ohrid and Macedonia, H.H. Stefan, together with the Diocesan Hierarch of the American-Canadian Diocese, Metropolitan Methodij, and several clergy from the area. During the liturgy, Archbishop Stefan honored Metropolitan Methodij on the occasion of the 20th anniversary of his episcopal ordination, as well as his birthday, presenting him with a prayerful gift as a sign of brotherly love and spiritual unity. Congratulations to THE hosts on their anniversary!

Such gatherings are a true blessing, reminding us of our shared faith and joy, and inspiring us to look forward to many more years of unity and spiritual growth.

Macedonian Film Festival

SAVE the DATES!!!

MACEDONIAN FILM FESTIVAL 2025
@ Carlton Cinemas, 20 Carlton Street, October 24, 25, & 26
Join us for a dazzling line-up of films and attend the Opening Night party as we celebrate our 20th Anniversary!
Here's a sneak peak of a couple films:
Georgi Unkovski's Sundance double prize-winning film, D.J.AHMET
Igor Aleksov's Unshattered ('Lena and Vladimir')

Check the website and be part of the Celebration
The party on Friday night will include Guests from Macedonia
More great Macedonian films to be revealed next month!!
,
MacedonianFilmFestival.com
makfilmfestivalto@gmail.com



Македонија

To send articles, advertisements,
or to subscribe to
Macedonia newspaper please contact us at:

macedonia.canada@yahoo.com
Call or text:
416-827-0954

CANADIANA FLOWERS

www.canadianflowers.com
Design Studio, 3087 Kingston Road
Toronto, ON M1M 1P1
info@canadianaflowers.com

Toll Free: 888-265-7673
Local: 416-265-6867

Dr. Elizabeth Dimovski
Family Dental Office
Home of the FREE
Custom Mouth Guard
For all our sports-playing patients! Call for details today!
2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9
905-458-6620

PEARL WHITE

Your Dental Hygienist:
Atina Gorgiev RDH

Accepting all insurance, including CDCP

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St., North York, ON.
M3H3S2

MACEDONIAN LANGUAGE

UNIVERSITY OF TORONTO - SEPT 2025

ENROLL NOW!

U of T Students

https://artsci.calendar.utoronto.ca/course/slo109y1

Non-U of T Students

https://future.utoronto.ca/apply/requirements/visiting-students

Community Auditors

slavic@utoronto.ca | 416-946-0011

Support the teaching of Macedonian at U of T by donating to the

Macedonian Studies Fund

https://engage.utoronto.ca/site/SPageServer?pagename=donate#/fund/2298

Dr. Andy Plukov
Family Dentistry

Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.

416-265-0197

716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4

CRIMINAL DEFENCE LAWYER
ALEXANDER KARAPANCEV

Have you been wrongly accused or charged with a criminal offence ?
Any charge can impact your record and life!

Impaired Driving
Domestic Violence
Sexual Offences
Drug Crimes
Theft and Fraud

Don't Wait, CALL NOW!
(416) 613-9984
www.karapancevlaw.ca

Такси Томче Битола

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче. Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа. годишно искуство како професионален такси возач. Тел: 070 743 330

AR All-Risks Insurance
BROKERS LIMITED

Auto | Home | Life | Commercial

Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9

Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com

STANKA KARAPANCEVA

REAL ESTATE SALES REPRESENTATIVE

(647) 237-9330

WWW:foresthillyorkville.com

MACEDONIAN RADIO PROGRAM

https://www.youtube.com/user/Oro-MakedonskoChicago

Oro Makedonsko
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

Boshko Rajchovski - Pelisterski
810-335-5552

Вицови

Трпана на доктор:

– Докторе, мажот ми на грешка голтна аспирин. Што да правам сега?
– Па создај му некоја главоболка, зошто да пропаѓа апчето за џабе?

Проблеми

Трајанке, ќе се омажиш ли за мене?
- Трајчо, малку ли проблеми си имаш?

Брак

Трпе и вели на Трпана:
– Го поканив другар ми Цветко вечер на вечера.
Трпана цела полудена му вели:
– Молам!? Куќата е во хаос, не сум била на пазарче, ништо немам испрано, сите чинии се во мијалникот веќе недела дена а и не ми се готви воопшто.
– Го знам тоа, будалче, туку Цветко одлучил да се жени па сакам да му покажам како е во брак.

Хоби

– Имате ли хоби?
– Да, жени и пиење.
– Но тоа се пороци, а не хоби!
– Добро, тогаш трчање.
– И каде трчате?
– Каде што има жени и пиење…

Фејсбук

Седел ученик на час и напишал статус на ФБ:
– Сите учат, само јас на Фејсбук.
По извесно време, коментар од професорот:
– Ќе станеш да си го видиш кецот или да те тагнам?

Мара бара покачување на платата

Марето му вели на газдата:
– Шефе, треба да ми ја зголемите платата! Големо семејство издржувам.
– Колку деца имаш мори, Маре?
– Три. Две мои и едно од свекрвата…

Трговец

Трпе и Цветко се сретнуваат после подолго време и Трпе го прашува Цветко:
– Цветко, како оди работа, со што се занимаваш сега?
– Фала богу добро оди, се занимавам со трговија со човечки органи!
– Па дали си ти луд, имаш ли срце?
– Уф, се потроши, ама да се слушнеме од следната недела…

Политичар

Се враќа политичар дома и почнуда да ја бакнува жена му.
– Се е готово, ме избраа!
– Навистина? Да не лажеш?
– Не драга, веќе нема потреба.

Македонецот и златната рипка

Македонски рибар фатил златна рипка и таман да ја стави тавата на огнот да ја пржи, рибата му проговорила со човечки глас:
– Добар човеку, кажи која ти е најголема желба да ти ја исполнам за да ме пуштиш?
Македонецот без многу размислување:
– Во Македонија да нема повеќе крадци и предавници и македонската економијата да тргне нагоре.
Рипката го погледнала и со човечки глас му рекла:
– Ставај ја тавата на огнот, говедо едно!

Афоризми

-Тој што сака да патува брзо – патува сам.
-Подобро е еднаш вистински да умреш - отколку целиот живот да умираш од страв.
-На пријателот дај му втора шанса, но не и трета.
-Не секогаш парите носат среќа.

-Кога ќе се жениш, добро отвори ги очите, а потоа затвори ги.
-Кога ќе слушнеш нешто убаво и паметно веднаш запиши го, макар и на ѕидот.
-Паметниот попушта и на крај излегува будала.

-Честа не може да се одземе: може само да се загуби.
-Човекот не може да се искачи по скалата на животот со рацете во џебот.
-Не сме голи и боси-не одраа.
- Ако диетата е рецепт за долг живот, сиромашните ќе ги надживеат богатите.
-Тие што пукаат на празно - имаат најмногу жртви на совест.
-Кај нас се шири глуботијата-ретко кој ја слуша совеста.
-Се заколнаа на живот до гроба-и почнаа веднаш-да си го копаат.
-Види какво ,, Магаре", а на коњ е!

-Што ако мачката има девет животи-кога не знае да брои!

-Со пот се печали лебот- со плач се дели со арамиите.

НАПРАВИ САМ

НАПРАВИ САМ

Во рубриката НАПРАВИ САМ ќе се запознаете како да направите дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои се користат во изработката на предметите и облеката се веќе употребени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не е повеќе потребен. Рециклирањето е број еден заштита на нашата планета и затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!

Да почнеме:Како да направите декоративно ланче -огрлица со златното македонско сонце.

1. Кожена врвка во темна боја;
2.Бисерчиња;
3. Дрвени мунистри;
4.Стаклени камчиња;
5. Златен привезок со македоснкото сонце.

Најпрвин кожната врвка ќе ја измерите во должина, колку сакате да биде огрлицата широка околу вашиот врат. Во зависност колку мунистри планирате да нанижете на неа.Потоа на послужавник го креирате во ваш замислен патерн редоследот на сите елементи. Овде се вметнати бисерчињата да ме потсетуваат на нашиот Охридски бисер. Дрвените мунистри на нашата древна историја кога нашите прапра баби сами си правеле накит од дрвени мунистри. Додека стаклените камчиња ги вметнав да ме потсетувааат на прекрасните реки и езера, на бистрите води во Македонија. На средина е Златното 16 крако сонце да ги обедини сите убавини на нашата мила Македонија.

Уживајте во секоја ваша идеја и креација!

Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви

Каролина Ристеска.

СЕПТЕМВРИ НИЗ ГОДИНИТЕ

-1 септември традиционално е прв училиштен ден во Република Македонија.

- На 2 септември 1944 година ослободен е Демир Хисар. Градот се наоѓа во ридско-планински регион, а мал дел по течението на Црна Река е низински. Посебен знак на одбележување на оваа област се планините Бигла, Илинска и Плакенска Планина, на која што се наоѓа и највисокиот врв од 2.000 м, кои што ја одделуваат Демирхисарската област од Преспанско-охридската област. Поради богатството на овие планини со железна руда, и областа го добива името Железник или Железнец, кое се менувало во зависност од владателите во различни периоди. Демир Хисар е име што Турците го дале на оваа област што би значело Железна Планина.

-**На 3 септември 1921** водина во Куманово се родил истакнатиот македонски партизан од НОВ Христијан Тодоровски-Карпош. Бил убиен од страна на бугарскиот окупатор на 7 февруари 1944 г. за време на нападот на бугарското военo и полициско упориште во селото Билјача, Прешевско.Прогласен е за народен херој на 29 јули 1945 година.

-На 4 септември 1996 година во Народната банка на Република Македонија се промовирани новите македонски пари, со нов дизајн, кои беа пуштени во оптек на 8 септември 1996 г.

-На 5 септември 1997 година во Калкута, Индија почина Мајка Тереза или Света Тереза од Калкута (родена во Скопје, 26 август 1910) - католичка калуѓерка, добитничка на Нобелова награда за мир и светица во католичкиот свет. По повод 100 години од раѓањето на Мајка Тереза, Република Македонија ја подигна Спомен куќата на Мајка Тереза, како израз на почит кон својата сограѓанка и нобеловка родена во Скопје.

-На 6 септември 1962 година во Струга започна првата поетска манифестација Струшки вечери на поезијата. Од 1971 година „Златниот венец" се доделува за целокупен поетски опус.

-**На 7 септември 1997** година во Скопје е отворен првиот „Мекдоналдс" во Македонија.

-**8 септември е Ден на независноста на Македонија.**

Празникот популарно е наречен и 8-ми Септември. Празникот ја означува сувереноста, независноста и самостојноста на Македонија и македонскиот народ. На 8 септември 1991 година убедливо мнозинство - 95% од граѓаните што излегоа на референдумот, позитивно одговорија на референдумско прашање: „Дали сте за самостојна Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија"?

На гласањето, според официјалните податоци, од 1.495.626 гласачи излегле 1.132.981 граѓанин со право на глас или 71,85 отсто, а од вкупниот број граѓани кои гласале на Референдумот позитивно се изјасниле 1.079.308 граѓани односно 95,09 отсто (односно 72,16 % од вкупниот број на граѓани со право на глас). Резултатите само по себе говорат за успешноста на Референдумот. Во официјалниот извештај на Комисијата за спроведување на Референдумот се вели дека за начинот на кој беше спроведен не беа поднесени приговори или жалби поради неправилности или повреди на одредбите на Законот за републички Референдум. Комисијата ја констатирала масовноста на граѓаните со право на глас во Македонија кои се изјасниле "за" самостојна и суверена Македонија.
На референдумот му претходела Декларација за независност што првиот повеќепартиски Македонски парламент што ја усвоила на 25 јануари 1991 година.

-**На 16 септември 2010** година НАСА и Меѓународниот астрономски сојуз решаваат едно од езерата на Сатурновата месечина Титан да го носи името „Охридско Езеро", во чест на истоименото езеро во југозападна Република Македонија.

-На 17 септември 1943 година во селото Подвис, кичевско почнало да работи првото училиште на македонски јазик.

-На 22 септември 1991 година за првпат во Република Македонија бил изведен светиот чин „Опход на моштите на Свети Климент Охридски Чудотворец" (опходот траел до 6 октомври истата година), основоположник на Македонската и на првата Словенска православна црква и втемелувач на националната самобитност на македонскиот народ.

-На 23 септември 1903 година над селото Цапари, на Пелистер се водела последната востаничка битка (Пелистерска битка) во битолско во времето на Илинденското востание. Во борбата против османлиската војска загинале 48 востаници.

На 24 септември 1994 година во Монте Карло, Монако, Македонскиот олимписки комитет е примен за рамноправен член на олимписко семејство како 195-ти член.

-**На 26 септември** 1993 година во Виница е отворен Првиот фестивал за хумор, сатира и карикатура во Република Македонија, наречен „Ин Виница веритас".

ZORAN NICESKI
BROKER, SRS, ABR, RENE.
Over 25 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zrniceski@gmail.com
SRS
ABR
RENE

MAK General Contracting
COMMERCIAL
RESIDENTIAL
DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
EXCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDINGS
DOORS & WINDOWS


Hey party people!
Looking to spice up your
next get-together?
Look no further than
DJ Ane!
DJ
ANE
UNFORGETTABLE VIBES- BOOK
NOW TO ELEVATE YOUR EVENT!
CONTACT
647-461-4505
ALEXANDRAPET2005@GMAIL.COM

RIVERSIDE PRESENTS
THE THIRD ANNUAL
ZELNIK FEST
SUNDAY OCT. 19, 2025
AFTER THE DIVINE LITURGY
AT MOC. ST.ILIJA
1775 BRISTOL RD W. MISSISSAUGA
FEEL FREE TO BRING YOUR OWN
HOMEMADE ZELNIK. WE
APPRECIATE YOUR PARTICIPATION!
MACEDONIAN
SENIOR CITIZEN CLUB
"RIVER SIDE"


Annual
TRSYE - STATITSA
DINNER & DANCE
Bring your friends and family!
SATURDAY OCTOBER 18, 2025
ADULTS $60/KIDS $20
SONJA & OLIVER BAND
DOORS OPEN AT 6PM
DINNER AT 7PM
St. Clements Macedonian
Orthodox Cathedral
76 Overlea Boulevard
Toronto, ON CANADA
TICKET
RESERVATIONS:
TRSYE@OUTLOOK.COM
SOPHIE PASCARY
(416) 568-1748
JIM BILKAS
(647) 993-6450

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ

"МАКЕДОНИЈА - КАНАДА"
ПЕТАР ЛУБАРДА
ПЛОДНО МЕСТО ВО ПУСТИНА (МН.)
ГРАД ВО ПОЛСКА
УЧЕСНИК ВО ЛИГА
СПОГОДБЕН СВРЗНИК
САНИТЕТСКИ ПАМУК
К
ПУСТИНСКО ЖИВОТНО / РЕНИУМ
ОТВОР НА ЕПИДЕРМОТ КАЈ БИЛКИТЕ
СЛОВЕНЕЧКИ ПАРИ
ФУДБАЛЕРОТ СПРЕЧО
НЕЖЕН, ИЗГЛАДЕН, ИСТАНЧЕН
АЦО ЈОВАНОВСКИ
НЕУТРОН

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

В
ВНИМАНИЕ, ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ

НАДПЕЖЕН ЗА АКАМПЕ
ОПЛОДЕНИ ЈАЈЦЕКЛЕТКИ / ФК ОД ЗАГРЕБ
АМЕРИК. АРТИСТКА ЛИНА / ЕЛИЗАБЕТ ТЕЛЛОР
МЕТАР / ШПАНСКИ ФУДБАЛЕР

ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СВ. КЛ. ОХРИДСКИ - ТОРОНТО
С
60 ГОДИНИ ЦРКВА ВО КОЛУМБУС
ВИД БОСТАН / ЕКС ЈУ БОКСЕР АЛЕКСАНДАР
СТАР ГЕРМАН / АМПЕР
ИВАН УЗЕЛАЦ / ГЛАВЕН ГРАД НА НОРВЕШКА

Е
КОЊСКА ПОКРИВКА / ПОЛИТИЧАРКАТА КОРАСОН
СЕЛСКО ПОДРАЧЈЕ
СТАРОСЕДЕЛЕЦ НА ИТАЛИЈА / СТАВА

КОЈ ПРОИЗЛЕГУВА ОД ЕП / ЖЕНСКО ИМЕ
ПРВАК, ШАМПИОН
ДРЖАВА ВО ЕВРОПА / ДЕЛ ОД РАСТЕНИЕ

Д
А
ЛЕКОВИТА БИЛКА / ИСПАД

СЕЛО ВО КРИВОПАЛАНЕЧКО / ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ
КРАЛИЦА НА ВОСОЧНИ ФИГУРИ, МАДАМ МАРИ
ТЕМПО / ВЕРСКИ ПРАЗНИК (21. 09.)

УКРАИНСКИ ШАХИСТ ВЛАДИМИР
П
МИНУТА / ВИД СЛАДОК КОСТЕН
ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

ГРУБА ВОЛНЕНА ТКАЕНИНА
КИСЛОРОД / ЕНА ВЕКО
ДЕЛ ОД РАКА ИЛИ НОГА / КОЊ
КИНЕСКИ ДРЖАВНИК ЦЕДОНГ / БРАЗИЛСКИ ФУДБАЛЕР

НОВАК ЃОКОВИЌ / ИСКАЗ НА ПОСТАВЕНО ПРАШАЊЕ
РУЧЕК, ЈАДЕЊЕ
СЛИК, СРОК
ГЕРМАНСКИ ФИЗИЧАР, НОБЕЛОВЕЦ ОТО
Ш
БРЗО, НЕОДЛОЖНО
СКИЈАЧКАТА СМЕТАНИНА
ШПАНСКИ ВИОЛОНЧЕЛИСТ ПАБЛО / ЕРБИУМ

О
ЦРТИЧКА / НУЛТА БРЗИНА НА АВТОМОБИЛ
ВАВИЛОНСКИ ЉУБОВНИК / ИСТИ БУКВИ

Л
ПРОДАВАЧИ НА БИЛЕТИ / СОБИ ЗА ЧИТАЊЕ
НБА КОШАРКАРОТ БРАЈАНТ / ТРКА ВО ПРИРОДА

НАШ ПИСАТЕЛ ЈОРДАН / ИСТИ БУКВИ
ЈАДОСАНИ / ШКОЛСКИ ПРИБОР, ЛИНИР
СИСТЕМ САТЕЛИТИ "ТЕЛЕВИЗИЈА"

ЕДИНСТВО НА МИСЛЕЊА, ЗАЕДНИШТВО
РАДИУС / СЛИКА СО ТЕКСТ НА ТВ (МН.)
"СОЈУЗНА КОМИСИЈА за СТАНДАРДИЗАЦИЈА"
ГЕРМАНИУМ / БРЕМЕ

ПРИЈАТНА ЗАБАВА СО КРСТОЗБОРОТ
РЕЖИСЕРОТ ЧЕТЕР / ВЕРСКИ ПРАЗНИК (27. 09.)

А

ДРЖАВА ВО АЗИЈА / ПЛЕТЕНКА ОД КОСА
ЗАПИРАЊЕ МОТОРНО ВОЗИЛО НА ПАТ ОД ПЕШАК
МОДЕЛ НА "ФОРД" / МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ

П
АРТИСТОТ ПАЧИНО
ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА / ВИД СПОРТ

ДЛАБОКА БАКАРНА ЧИНИЈА
Д
"АДМИНИСТРАЦИЈА" / МАРКА АВТОМОБИЛ

ТЕМПЕРАТУРА
ЛИТИУМ / АНТИЧКА ИЛИРСКА КРАЛИЦА
ВНАТРЕШЕН ОРГАН, ЏИГЕР
ДЕЛ ОД КУКА / ПЛАШЕЊЕ

ОТИС ТОРП / 60 ГОДИНИ ЦРКВА ВО ТОРОНТО
ЈАГЛЕРОД / РЕДЕН БРОЈ
КИРО РИСТОВ
РИМСКА БОЖИЦА НА МЕСЕЧИНАТА
ФИЛМ НА СТИВЕН СПИЛБЕРГ
МЕШАВИНА
ДИВО ЖИВОТНО, РАКУН
ИНДУСКА СЕКТА ВО ПЕНЏАБ / АРТИСТКА ЕРЖИШНИК
ХЕМИСКИ СИМБОЛ ЗА ХРОМ / РАДИУС

С
СУЛТАНОВ ДВОРЕЦ (МН.)

ЕДЕН ТОЈСКИ РОД
ИЗВЕЖБАН ОПИТЕН ЧОВЕК / РАДИУМ

ВИД БЕЗБОЈНА ИСПАРЛИВА ТЕЧНОСТ
ЕНИГМАТИЧАРОТ ПЕТКОВСКИ / КАРАТ

ВО ТОЈ ПРАВЕЦ, НАТАМУ
ПОЗА, ГЛЕДИШТЕ

РЕШЕНИЕ: ПОРТРАВАР СТЕФАН, ВИЛАЈЕТА МЕТОДИЈА, ЗИГОТИ, ОТИН, М, ДИНА, АЛЕМАН, НУ, ЕЛСКИ, АША, АТАР, ОСК, ИВОНА, ИРСКА, ДРЕНАК, АС, АЛОЕ, ОТОМИ, ТИСО, Т, САВОН, ПРСТ, М, АБА, О, АТ, МАО, НОЛЕ, КАЗАЛС, ОДГОВОР, ТИРЕ, ПИРАМ, ЛЕОВ, БИЛЕТАРИ, КОЕН, РР, ЧЕМЕРНИ, ИКОНОС, СОПИЈАРНОСТ, Р, ГЕ, ДИТ, АВТОСТОП, КИНА, ЕСКОРТ, ПРЈЕЛ, АЛ, СВОЕ, САМ, ДРОБ, АТМ, Т, ПИ, ПОКРИВ, ОТ, Ц, СИКИ, ЦР, СВЕТИ КЛИМЕНТ, САРАИ, ДУР, РУТИНЕР, ЕТЕР, НИКОЛА, НАТАКА, СТАВ

Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто
Macedonian Orthodox Calendar 2025 (by father Sasho Celeski)

2025			SEPTEMBER 30 days
D	new	old	ORTHODOX CALENDAR
M	1	19	St. Andrew the Warrior and others
T	2	20	St. Samuel, prophet
W	3	21	St. Thaddeus, Apostle, St. Vassa and her 3 children
T	4	22	St. Agthonicus and others
F	5	23	St. Irenaeus of Lyons, Hieromartyr *(Apod. of Dormition)*
S	6	24	St. Eutychius, heiromartyr
13th Sunday after Pentecost (before Elevation), Tone 4; Res. Gospel 2; on Divine Liturgy: 1 Cor. (16, 13-24); Mt. 87 (21, 33-43)			
S	7	25	Transfer of the relics of St. Bartholomew the Apostle
M	8	26	Sts. Adrian and Natalie, the mart. (Holyday of R. Macedonia)
T	9	27	**† St. Pimen the Great, St. Phanuri, martyr**
W	10	28	Venerable Moses the Black
T	11	29	**Behead.of St.John the Baptist,** St.Anastasius of Strum.*(fast)*
F	12	30	Tran. Relics of St. Alexander Nevsky
S	13	31	Deposition fo the Belt of our Lady; St. Cyprian
14th Sunday after Pentecost (after Elevation), Tone 5; Res. Gospel 3; on Divine Liturgy: 2 Cor. (1, 21-2,4); Mt. 89 (22, 1-14)			
S	14	1	St. Simeon – **(Ecclesiastical New Year)**
M	15	2	St. Mamant, martyr; St. John the Faster
T	16	3	St. Anthimus, heiromartyr;
W	17	4	St. Babylas, St. Moses the prophet
T	18	5	St. Zachery and Elizabeth, parents of John the Baptist
F	19	6	Miracle of St. Archangel Michael
S	20	7	St. Sozont *(Antef. of the Nativity of the Mother of God)*
15th Sunday after Pentecost, Tone 6; Res. Gospel 4; (before Elevation), on Divine Liturgy: Gal. (6, 11-18); Jn. 9 (3, 13-17)			
S	21	8	Nativity of our most holy Mother of God
M	22	9	Sts. Joachim and Anna
T	23	10	St. Minodora and others, martyrs
W	24	11	Venerable Theodora of Alexandria
T	25	12	St. Autonomus, martyr *(Apod. of the Nativity)*
F	26	13	St. Cornelius, martyr *(Antef. of Elevation of the Cross)*
S	27	14	**Elevation of the life-giving Cross** *(fast)*
16th Sunday after Pentecost Tone 7; Res. Gospel 5; (after Elevation) on Divine Liturgy: Gal. (2, 16-20); Мк. 37 (8, 34-9,1)			
S	28	15	**† St. Nicetas, great martyr**
M	29	16	St. Euphemia, great martyr
T	30	17	**† Sts. Sophia, Faith, Love and Hope, martyrs**

2025			СЕПТЕМВРИ 30 дена
Д	нов	стар	ГРОЗДОБЕР
П	1	19	Св. мч. Андреј Стратилат; преп. Теофан Македонски
В	2	20	Св. пр. Самуил; св. мч-ци Севир, Мемнон и др.
С	3	21	Св. ап. Тадеј; св. мч-ца Васа Солунска; преп. Аврамиј
Ч	4	22	Св. мч-ци Агатоник, Зотик, Зинон и др.; св. мч-чка Антуса
П	5	23	*Оддание на Успение;* св. Иринеј Лионски; св. Виктор
С	6	24	Св. свешт-мч. Евтихиј; св. мч. Татион; св. мч-чка Сира
Недела 13. по Педесетница, Гл. 4; Ев. В. 2; на Литургија Апостол 1 Кор (16, 13-24); Ев. Мт 87 (21, 33-43)			
Н	7	25	Пренес. на моштите на св. ап. Вартоломеј; св. ап. Тит
П	8	26	Св. мч-ци Адријан и Наталија; (Празник на Р.Македонија)
В	9	27	**† Преп. Пимен Велики; св. мч. Фануриј**
С	10	28	Преп. Мојсеј Мурин; св. Сава Крипецки; пророчица Ана
Ч	11	29	**Отсекување на главата на св. Јован Крстител** *(пост)*
П	12	30	Преп. Христофор Римјанин; преп. Фантин Солунски
С	13	31	Полож. појас на Пресв. Богородица; св. Кипријан Картаг.
Недела 14. по Педесетница, Гл. 5; Ев. В. 3; на Литургија Апостол 2 Кор (1,21-2,4); Ев. Мт 89 (22, 1-14)			
Н	14	1	Св. Симеон Столпник; прав.Исус Навин; *Црков. Н. година*
П	15	2	Св. мч. Мамант; св. Јован Постник; прав. Елеазар
В	16	3	Св. свешт-мч. Антим Никомидиски; св. мч-чка Василиса
С	17	4	Св. свешт-мч. Вавил; пророк и боговидец Мојсеј
Ч	18	5	Св. пр. Захариј и праведна Елисавета
П	19	6	Спомен чуда на св. арх. Михаил; св. мч. Евдоксиј и др.
С	20	7	*Прет.на Рожд. на Пресв. Богородица;* преп. Касијана
Недела 15. по Педесетница (пред Воздвижение), Гл. 6; Ев. Лк 4; на Литургија Апостол Гал (6, 11-18); Ев. Јн 9 (3, 13-17)			
Н	21	8	Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица
П	22	9	Св. прав. богоотци Јоаким и Ана
В	23	10	Св. мч-чки Минодора, Митродора и Нимфодора
С	24	11	Преп. Теодора Александриска; преп. Силуан Атонски
Ч	25	12	*Одд. Рожд. на Пресв. Богородица;* св. свешт-мч. Автоном
П	26	13	*Претпраз. на Крстовден;* св. свешт-мч. Корнилиј Стотник
С	27	14	Воздвижение на Чесниот Крст – Крстовден *(пост)*
Недела 16. по Педесетница (по Воздвижение), Гл. 7; Ев. В. 5; на Литургија Апостол Гал (2,16-20); Ев. Мк 37 (8, 34-9,1)			
Н	28	15	**† Св. вмч. Никита;** преп. Филотеј
П	29	16	Св. вмч-чка Ефимија; преп. Доротеј; св. Људмила Чешка
В	30	17	**† Св. мч-чки Вера, Надеж и Љубов и мајка им Софија**

Impressum

"MACEDONIA" is a monthly newspaper of Macedonians in Canada, first published on November 1, 1984.

Tanas Jovanovski
founder / editor in chief
1984-2013

Founded and edited by Tanas Jovanovski until October 2013, then by Sonja Lozanovska.

Dear readers,
Our mission to preserve Macedonian culture, language, identity, and traditions relies on your support. We invite you to subscribe to Macedonia. It is delivered to your home or workplace.

Special thanks to our contributors:

Tanas Jovanovski, Father Aleksandar Todorovski, Nikola Petkovski, Zoran Andonovski, Snezana Teshovic, Tasko Kubanovski, Zoran Karapanchev, Bone Temelkov, Nikola Gjurgjaj, Gornan Jovanovski, Stojko Stojkov, Blaga Dafovska, Slave Katine, Karolina Risteska, Sue Eastwood, Aleksandra Petkovska, Alex Gulin.

Submissions & note:

Materials should reach the editorial office by the 20th of each month. Signed comments are the authors' responsibility; the editorial board is responsible only for unsigned texts. Submitted materials become the newspaper's property unless otherwise agreed.

Support Macedonia – by doing so, you support the Macedonian community, language, and truth.

Respectfully,
Sonja Lozanovska,
Editor-in-Chief

„МАКЕДОНИЈА"

е месечен весник на Македонците во Канада, првиот број е издаден на 1-ви ноември 1984 година. Основан и уредуван од Танас Јовановски до октомври 2013, а потоа од Соња Лозановска.

Почитувани читатели,

Нашата мисија за зачувување на македонската култура, јазик и традиции зависи од вашата поддршка.

Ве покануваме да се претплатите на Македонија. Весникот се доставува до вашиот дом или работа.

Голема благодарност до соработниците:

Танас Јовановски, Отец Александар Тодоровски, Никола Петковски, Зоран Андоновски, Снежана Тешовиќ, Ташко Кубановски, Зоран Карапанчев, Боне Темелков, Никола Ѓурѓај, Горнан Јовановски, Стојко Стојков, Блага Дафовска, Славе Катин, Каролина Ристеска, Су Иствуд, Александра Петковска, Алекс Гулин.

Доставување и забелешка:

Материјалите треба да пристигнат до 20-тиот ден во месецот. Потпишаните коментари се одговорност на авторот; редакцијата е одговорна само за непотпишани текстови.
Испратените материјали стануваат сопственост на весникот, освен ако не е договорено поинаку.
Помогнете го Македонија – со тоа ја помагате македонската заедница, збор и вистина.

Со почит,
Соња Лозановска,
Главен и одговорен уредник

Contact: E-mail: macedonia.canada@yahoo.com; http://www.macedonianewspaper.com call:416-827-0954

Distribution locations:
Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid" (Toronto), MOC St. Clement Of Ohrid, Avon, OH,St. Ilija (Mississauga), St. Dimitrija Solunski (Markham), St. Nedela (Ajax), St. Nicholas (Windsor), St. Naum of Ohrid (Hamilton), Canadian Macedonian Place (Toronto), Stari Grad (Toronto), Markland Wood Pharmacy (Etobicoke), Old Mill Pastry (Mississauga), Pastries Delicatessen (Etobicoke), Sarajevo Grill & Meat (Etobicoke), Royal Meats (Mississauga), Mrakovic Meat & Deli (Etobicoke).E-mail: macedonia.canada@yahoo.com

Website:http://www.macedonianewspaper.com Phone: 416-827-0954

MEMORIAL GALLERIES INC

ABOUT US

Memorial Galleries Inc. specializes in monuments and memorials, including grave markers and cremation urns with over 20 years of experience. Memorial Galleries has large inventory of beautiful natural granite monuments from traditional to modern monuments designs in many different colors.

Memorial Galleries Inc.
Monument Factory Outlet

- Custom Design
- Markers
- Etching
- Repainting
- Final Date

Cemetery lettering

Huge inventory for customer selection

OUR ADDRESS

53 Bertrand Ave. Unit 1
Scarborough ON M1L 4P3

Mail: mark@memorialgalleries.ca
Tel. +1 416-759-0293
Fax. +1 416-759-522

BUSINESS HOURS

Monday-Saturday 10AM - 6PM
Sunday by appointment.

MEMORIAL GALLERIES MARKHAM LOCATION NOW OPEN!
WE'VE HELPED FAMILIES CELEBRATE AND COMMEMORATE THEIR LOVED ONES FOR OVER 25 YEARS AND OUR NEW MARKHAM OFFICE IS NOW OPEN! BUY ORTHODOX CROSS AND UPRIGHT MONUMENTS CAN SAVE UP TO 75% THAN CEMETERIES.
VISIT US AT 9390 WOODBINE AVE UNIT 2B11, MARKHAM, ON L6C 0M5. 905-717-5310
You can also visit our monument factory and showroom in Scarborough at 53 *Bertrand Ave, ON M1L4P3.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE

O'Connor Bros & Ralph Day Chapels

- Ние нудиме услуги во централниот дел од Торонто
- Ново и прекрасно просторно место
- Прекрасен паркинг за 200 автомобили
- Најниски цени за голем број услуги
- Наполно пристапно за хендикипирани лица

Нашето Фамилијарно Истражување за вкупните услуги кои ги нудиме покажа резултат од категоријата "Одличен"

50 Overlea Boulevard www.heritagefuneralcentre.ca 416-423-1000

Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros & Ralph Day Chapels

Triple "A" Cheese is proud to be part of your Macedonian celebrations, family meals, and cherished moments.

Crafted with care and rich in flavor, it makes every gathering unforgettable.

.....

TRIPLE "A" CHEESE COUPON

10% OFF

For use in Mississauga Triple "A" Cheese Retail Outlet and Cash & Carry only located at 7190 Torbram Road Mississauga

This coupon is valid until December 31st 2025
This coupn has No Cash Value

HEAD OFFICE
7210 Torbram Road, Mississauga ON, L4T 3L7
info@tripleacheese.com
T: + 1 905-678-7053
www.tripleacheese.com

Allstate.
You're in good hands.

combine and save
Комбинирај и зачувај

Scan here for a quote.
Скенирај овде за понуда.

Michael Minov
4997 Highway 7 East, Unit 9
(289) 352-1189
mminov@allstate.ca

Terms and conditions apply. Се применуваат роковн и услови.

My Dental Hygiene Studio
+
Independent Dental Hygiene Practice



- Teeth Cleaning/Scaling
- Teeth Polishing
- Dental Hygiene Exam
- Oral Hygiene Instructions
- Teeth Whitening
- Teeth Gems

We accept Canadian Dental Care Plan (CDCP)
We do direct billing to Insurance Companies

My dental hygiene studio
my.dental.hygiene.studio

(647) 971-4956
1-49 Mississauga Rd.N
Mississauga, ON, L5H 2H9
info@mydentalhygienestudio.ca
www.mydentalhygienestudio.ca

Milena Hadji Daovska RDH

OLD MILL PASTRY & DELI

WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI

Freshly Baked Bread and Pastries

Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop

We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke,
ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED